СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 9 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 55-ТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА Н 9.02.1993 година**

дневен ред:стр.2

1. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 7, 8, 58, 60
2. АНДОВ СТОЈАН - 35, 43, 46, 47
3. АЛИУ ЕШТРЕФ - 70
4. БОШКОВ ЈОРДАН - 26
5. ГОШЕВ ПЕТАР - 62, 67
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 4
7. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 29, 33
8. ДИМИТРОВА РАТКА - 39, 40
9. ДИМОВСКА ДОСТА - 53, 62
10. ЗИБЕРИ НАСЕР - 50
11. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 60
12. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 41
13. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 11
14. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 22
15. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 47
16. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 12
17. НАСЕВ ПАНЧЕ - 73
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 56
19. ПАНОВОКИ МИХАИЛ - 6
20. ПОПОВСКИ КИРО - 24
21. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 49, 50
22. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 27
23. РАХИМИ ШУКРИ - 34
24. СПИРОВСКИ АЦО - 15, 17
25. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 3, 38, 72
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 45, 49
27. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 68, 72, 74
28. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 73
29. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 20
30. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 9, 10
31. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 2, 13, 65, 77
32. ЦРВЕНКОВСКИ СТЕВО - 18
33. “ЦРВЕН КРСТ"-претставници - Република Македонија

продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 55-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 февруари 1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници ја отворам 55-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Симон Наумовски и Абдурахман Алити ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седница.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешнава седница поканети се претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја закажав по бараше на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ која со писмо ме извести дека бара на оваа седница да се разгледа Информација за активноста околу приемот на Република Македонија во Организацијата на Обединетите нации.

Со оглед на значењето на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Дали се согласувате со предлогот? (се согласуваме)

I/2 сс/вц

За седницава го предлагам следниот дневен ред:

- Информација за активностите околу приемот на Република Македонија во Организацијата на Обединетите нации.

Молам, кој е за предложениот дневен ред да крене рака?

(87)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Минуваме на расправа по точката:

- Информација за активностите околу;/приемот на Република Македонија во Организацијата на Обединетите нации.

Има збор господинот Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Бидејќи иницијативата за свикување на седница на Собранието со точка на дневен ред Информација за активностите околу приемот на Република Македонија во Обединетите нации беше доставена и до Владата, на крајот на краиштата таа и требаше да ја даде Информацијата. Владата одржа своја седница, има подготвено и писмена Информација и ќе има воведно излагање од страна на министерот за односи со странство господинот Денко Малески.

Владата цени дека во оваа Информација треба да се направи целосен пресек на сите активности, така е направена писмената информација, на сите активности што досега се преземени, за сите средби, со фактографија, со имиња, со презимиња и се што е искажувано на тие средби.

Со оглед на таквиот карактер на Информацијата што сметаме дека треба Парламентот да ја има пред себе, заради целосен увид и со карактерот на воведното излагање на министерот за односи со странство, предлагаме седницата да биде од затворен карактер.

Затоа би го замолил господинот претседател на Собрание со тој предлог да го стави на гласање. Во спротивно не ќе бидеме во можност таква информација со сите тие детали и конкретности да презентираме на отворена седница. Мислам дека аргументите се сосема разбирливи. Можеме да ги елаборираме. Повторно ќе кажам се фактографски, се набројуваат сите средби со личности од различни држави, на различни функции, во ОН итн. што е се кажано, што е се сугерирано од различни страни и сметаме дека такви информации можат да бидат презентирани само на затворена седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господинот Томислав Стевковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитуван, претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека претседателот на Собранието кажа дека по барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е закажана оваа седница како итна со цел да се добие информација за активностите околу приемот на Република Македонија во ОН. Таа итност се продолжи една седница и предлогот сега од кога го утврдивме дневниот ред од претседателот на Владата, господинот Црвенковски за затворена седница значи уште еден обид да се оддолжи расправата по Информацијата која што е неопходна за македонската јавност и за Република Македонија како држава овој момент.

Оттука цениме дека Владата, кога излезе овде нејзиниот претседател да предложи затворена седница, требаше да има предвид две можни варијанти како се постапува кога е неизвесно како ќе мине нејзиниот предлог овде во оваа сала. Со други зборови, Владата

требаше да биде подготвена да има две информации од кои што едната би била за отворена седница, а другата за она нејзино залагање за затворена седница.

Ние, во случајот како пратеничка група се залагаме за отворена седница, бидејќи општото расположение во Републиката налага да се расправа за приемот и активностите на отворено, со други зборови не се согласуваме, седницата и расправата да се води на затворена седница на овој Парламент, бидејќи Информацијата до граѓаните и јавноста може најдиректно да дојде само на расправа на отворена седница.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

На дневен ред е поставено прашање од судбоносен, би рекол, национален интерес и секоја друга варијанта освен затворена седница само би покажало дека не сме сериозни за историскиот момент за сложеноста на ситуацијата.

Јас, како пратеник сум сигурен за' себе дека седницата треба да биде затворена, но би ги повикал сите оние кои токму, барем јавно се декларираат дека се залагаат за национални интереси, тоа денеска да го покажат и да не се блокира информацијата овде пред пратениците за тоа прашање.

Секоја политичка партија има можност да го запознае своето членство и симпатизери со соопштенија со податоци што нема да ја компромитираат позицијата на Република Македонија.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Во принцип седницата треба да биде јавна. Од тоа што кажа премиерот не треба сега овде сцени, драматизирање. По се изгледа дека

целта не ни е да ги сфаќаме работите кога нешто се кажува зошто се кажува. Или, тоа намерно го одбегнуваме за нашите седници секогаш да добиваат драмацитет и помпа, а тоа е се, со извинување сосема празна слама.

Ние тука, парламентарците, раслраваме отворено или затворено. Треба едно да ни е јасно дека во Република Македонија постојат институции. Дека луѓето од тие институции одговорно ги обавуваат должностите. Треба да им се даде шанса и редот да се почитува.

Лично сметам дека апсолутно не постои никаква итност за оваа седница. Тоа е мој личен став. И затоа, кога ќе раслраваме ќе редиме куп аргументи, но треба да се почитува, реков, редот. Една пратеничка група бара да се стави на дневен ред и ред е да се согласиме оваа точка да се стави на дневен ред.

Мислам дека Владата на Република Македонија доста е свесна и професионално подготвена д одговори и на едниот начин на работа и на вториот. Т.е. се нудат две можности, а субјектите што одлучуваат, даваат активности не е јавноста и не е народот. Туку се одговорните луѓе и пратениците, 120, кои зборуваме или мислиме дека зборуваме во името на овој два милион и нешто народ на Македонија.

Можеби воопшто немаше потреба и сето ова да го кажам, туку просто да ве замолам, ако ни останало до сериозноста на работата, тогаш дајте, ама апсолутно без никаква двојба да се договориме јавно да работиме. Тоа што може да се каже, на крајот секој нека си сноси сам одговорност за отсуството на чувство на одговорност за јавниот збор.

Ние треба да воведеме еден ред во ова Собрание. Не постои никаква драматичност седницата да биде и тајна. Тоа за мене подразбира само можност да се каже и тоа што во моментот не треба

да се разглаба, во моментот не треба да се актуелизира, заправо, дами и господа пратеници, ако сакаме чисто професионално да работиме, дури јас сум свесен дека таква една седница ни е потребна, но не мора да биде токму оваа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

`Почитувани пратеници,

Не би сакал да навлегувам и да расправам во врска со тајноста на седницата поради тоа што мислам дека право на секој пратеник е да си го искаже своето мислење дали на поединечно гласање или групно, така што многу да не дискутираме во врска со ова, туку да прејдеме на гласање.

Излегов повеќе да замолам, доколку е можно да биде поделено на пратениците Обраќањето на Здружението за заштита на човечките права на македонците дискриминирани....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте за тоа да ....

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

.... од Република Грција "Достоинство"....

**СТОЈАН АНДОВ:**

....Немојте за тоа да навалувате. Ве молам, какви се овие сега испади. Што сега ова значи.

Напуштете ја говорницата, ве молам. Напуштете ја говорницата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ова не е испад....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не. Напуштете ја ве молам говорницата. Нема врска со ова што го расправаме сега....

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ценам дека тоа ќе....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ослободете ја говорницата. Ве молам ослободете ја говорницата. Ослободете ја говорницата!.....

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

ВО текот на расправата ќе си го кажам своето мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ослободете ја говорницата. За тоа е даден налог да се подели и за тоа јас одлучувам. Нема потреба воопшто овде да се зборува. И, немојте вакви работи. Да се концентрираме да работиме сега. Зошто така? Даден е налог, се знае тој кој што треба си ја тера работата и се си е во ред тоа. За се се одело на говорница?! Па, немојте ве молам, ова е на дневен ред.

Збор побара господин Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа пратеници и присутни во оваа сала на еден свечен момент, за мене, но загрижувачки.

Не се надевав дека претседателот на Владата на НРМ ќе даде таква изјава која ќе го забрани зборот да влезе низ етерот. Тоа за мене делува понишувачки. Не само за мене, туку за сите луѓе кои живеат во овој простор и надвор од овие простори.

Господин Бранко Црвенковски алудирате на затворена седница, алудирате во една држава, затворена од сите страни. Тоа нема да го дозволиме!.

Најубаво ќе беше да не настапивте и да не бевте тука, како што идете многу пати. Дојдовте, фрливте малку оган на тоа што тлее и сакате да направите и неред. Можете да ме тужите.

Јас сметам господа, госпоѓи и госпоѓици дека во овој момент, пред нас претседателот, господин претседателот на Републиката односно Владата, односно Владата, министерот за надворешни работи треба пред нас тука да даде отчет за неговата, колку време има, годишна двогодишна работа, откога дојде во ова место министерско.

Мене, како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ не ми е јасно, а сакам гласно и јасно тука, пред сите да изнесе сите патишта по кои отиде и да не обавести за сите делатности кои ги презела Владата на чело со министерот за надворешни работи за да имаме една јасна слика до каде сме.

Ние бараме признавање. Добро, за тоа ќе зборам подоцна. Ние бараме признавање.

Еден господин рече дека постојат институции, незнам што друго. Меѓутоа, за мене, до ден денес тие институции беа мртви. Сметам дека имам во предвид една друга работа, кога сите наши луѓе надвор од земјата, не тука, подаваат и се соединуваат рака и гласот го шират низ етерот на целата планета, ние тука, замислете, треба да ќутиме.

Има ли логика, ве прашувам? Јас не знам таа Влада што смета и што мисли ?!. Меѓутоа, таа Влада за мене од овој момент кога господин Бранко Црвенковски не отсече и забрани да слушне јавноста* што ние бараме, Бранко Црвенковски за мене веќе не постои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте така.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ве молам, подоцна ќе слушнете зошто.

Надворешната политика ја градиме сите ние. Ја гради целиот наш народ. Колку ние и нашиот глас е отиден надвор од земјата тоа сакам да го слушнам од министерот за надворешни работи.

Не сакам да ве заморувам повеќе. Ќе го молам ова Собрание, не со гласање, него со аплауз да ја продолжи седницата како што продолжи, да ги урне тие препреки, кои ни ги ставаат многу години луѓето и да си продолжиме со работа. Откога министерот за надворешни работи ќе ги образложи сите патишта и сите делатности кои ги презел, тогаш секој пратеник ќе има право да праша да дава одговор и да даде свои сознанија за работа на дотичниот министер односно за работата на Владата.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, дали седницата ќе биде тајна или јавна, тоа зависи од целите на некоја пратеничка група. Ако некоја пратеничка група има цел да го оцрнува некого, било оправдано или неоправдано, тоа е друга работа.

Меѓутоа, ако е тука, цел на ова Собрание ние да даваме суд, да дадеме наше мислење во врска со активностите за зачленување на Македонија во ООН, тогаш мислам дека седницата треба да биде затворена. Од овие причини:

II/1/ДВ/ОМ

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ**: (Продолжение)

Ќе се изгуби тотално и институцијата пратеник ако се што знаеме ние пратениците тука, ќе знае и еден обичен граѓанин, селанец што работи. Затоа постои институција на строго доверливи документи и доверливи документи. Затоа пратеничката група на ПДП е за тоа седницата да биде затворена, со оглед на тоа што тука ќе се презентираат и работи што не треба секој во секое катче на земјата да ги знае.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и пратеници. Предлогот за одржување на оваа седница од затворен тип јас не го подразбирам дека она што ние ќе го дознаеме овде не треба да го дознае еден обичен граѓанин. Не така. Јас мислам дека сите наши граѓани имаат право да знаат за својата држава, се што се прави во државата, а поготово од аспект на нејзиното пошироко меѓународно признавање и опстпјување. Меѓутоа, јас верувам дека сите овде мора да знаеме, ако не знаеме, дека се она што ние зборуваме овде тоа е на ТВ екраните и кај северниот сосед и кај западниот и кај источниот и кај јужниот сосед итн. Веќе со тоа однапред се формира некое мислење вакво или онакво за Република Македонија. Како по некое непишано правило секогаш институциите меѓународни расправаат за прашањето на Република Македонија, ние веднаш го ставаме тоа на дневен ред и ние побрзо од нив решаваме, ние по брзо си ги искажуваме мострата кои сме и какви сме. Така да луѓето земаат пример па велат во Република Македонија не постои тој потребен процент на уедначеност на мислите дека таа треба да се вика така и така,, дека одредена партија мисли вака, друга партија мисли онака. Според тоа, граѓанството нека не сфати дека ние немаме доверба во нашите граѓани, туку се работи за една

многу прецизна материја, бидејќи колку што сознам сака и претседателот на Републиката, веројатно и министерот за односи со странство да искажат некои работи кои досега во јавноста не ги кажале и нема да ги кажат, а ние да бидеме во тек за да оформиме едно мислење што е тоа. Дај боже нека дојде признавањето, па после ќе осознаеме се и на светот ќе му кажеме кој што мислел.

Јас ги повикувам сите колеги пратеници , дами и господо бидејќи мислам во моментот треба да бидеме многу многу по внимателни од колку било кога и да е. се работи првенствено за нашето единство овде во овој парламент. Се она што ние овде ќе си конфронтираме едни на други, едни ќе викаат уа по други, другите по нив, а тоа ќе го искористат факторите кои треба да дигнат рака таму за нашето барање да биде вака или онака.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Пратеничката група на Реформските сили - Либерална партија ги почитува причините од кои поаѓа Владата за свикување на затворена седница и мислам дека треба по брзо да одиме на одлучувањето за ова, со оглед на тоа што ние сме, се разбира, во типот на посредна демократија. Ние не расправаме за нешто со Уставот не е дозволено. Причините начелно ги образложи премиерот, меѓутоа по длабоки се сигурно и ќе ни бидат појасни во оној момент кога веројатно ќе ја добиеме информацијата.

Лично јас мислам дека ние треба да го задржиме дигинитетот на Парламентот, а со тоа и позицијата на Република Македонија, бидејќи меѓународните активности кои Република Македонија ги остварува и

политиката која ја остварува е зацртана, така да кажам, и детерминирана токму со одлуките, документите и се она што овој Парламент го донел. Ние по мое сфаќање, а мислам иницијаторот на оваа точка би требало да биде задоволен со овој пристап, треба да се информираме токму и за оние суптилни политички и дипломатски активности на Република Македонија од кои зависат можеби и некои одлуки кои овде треба и натаму овој Парламент да ги донесува. За да не се оневозможиме себеси, а воедно да не дадеме повод на агресивната, да не речам каква се политика на соседна Грција, мислам дека треба да работиме на начин како што предлага Владата, а за тоа на кој начин понатаму и со што ќе излеземе после оваа седница имаме доволно и национална и политичка свест тоа да го оцениме и процениме и навистина да излеземе со, не би рекол можеби некаква доблест, меѓутоа да излеземе со една политичка оценка за тоа што понатаму треба да се прави.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Јас не знам зошто ова вака се извитоперува. Јас се прашувам дали ние сме овде повикани за народот или обратно. Ние досега работевме многу пати и за вакви актуелни работи донесувавме одлуки.

Јас се сеќавам на претходната седница ние пожешко дискутиравме на отворена седница за името Скопје. И тоа не беше некој грев, не беше ниту тајна. не треба да се плашиме ние од она што треба да го зацртаме за нашиот македонски народ. Зошто бегаме од јавноста. Тоа значи не сме чисти во своите ставови и во своите погледи. Ако точно работевме за правдата, за вистината, за името, за овој македонски народ ние нема зошто да ја затвораме седницата. Секако тоа секој ќе го знае. Нема тајна во светот. Тајната е само поземи. Се што е надземи нема та]на, само е

таа камуфлажа моментално да се извлече некој од некоја наметната ситуација, можеби. Затоа не треба да имаме такви илузии да бегаме од тоа. Зошто Владата предлага извештајот да биде таен. За кого подготвува оваа Влада извештај, за Кипар или за македонскиот народ ќе подготвува извештај. Штом е така да го знае македонскиот народ тој извештај и да ја пофали утре работата на Владата, или обратно да ја критикува. Нека знае овој народ кој е за него, кој греши и кој не греши. Сметам дека најголемиот грев го правиме во ваква ситуација, кога ќе ни запржи нешто ајде ќе избегаме од јавноста. Затоа предлагаме и она што беше пред последното за од Грција. Што има ние од Грција. Се знае ставот на Грција, тоа не е од вчера и денес. Ставот на Грција е таков пред многу многу години и ние ако се раководиме со тоа на Грција да и угодиме тогаш не треба ние да заседаваме . Секогаш не треба да бегаме од вистината.

Јас предлагам како пратеник од мојата изборна единица, да не зборувам еве да речете од името на ВМРО-ДПМНЕ, туку од името на изборната единица каде сум биран. Тие сакаат да знаат што работиме ние тука. Дали навистина ние ќе се избориме да го зачуваме името на Македонија или ќе го продадеме.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи постариот добар обичај, претпоставувам дека тоа може да трае до недоглед, веројатно да се искажат и поголем број пратеници околу утврдувањето на дневниот ред или по ова прашање, отколку по самата точка што е после тоа, сега се јавувам за збор со намера ако можам да помогнам да се скрати оваа дискусија.

Прво генерално, институтот затворена седница, материјал од доверлив карактер итн. не е некоја измислица на оваа држава. Тоа го

има во секоја од тие демократски држави кога се расправа за прашање од таков карактер, како што Голубовски пред малку рече, кои што бараат такви информации да бидат презентирани , кои што заради интересот на државата не можат да бидат онака како што овде беше презентирано по логиката низ етерот целиот свет нека ги слушне итн. Инаку по таа логика не треба да има институт затворена седница, а ние ќе имаме прашања од двоен карактер, од безбедносен карактер, од монетарен карактер итн. каде што ќе треба и на затворени седници да расправаме. Тезата дека се треба да се знае, целиот свет да знае што се расправа во Владата во парламентот итн. е една популистичка теза која не држи и ни една демократска држава тоа во својата пракса не го прави. Тоа е првата работа.

Второ, ние тргнавме со најчесна намера сето она што досега како сознание било стекнато низ сите контакти што претставниците на оваа држава со разни претставници на различни држави, на различни меѓународни институции е кажано, сугерирано, сето тоа што се има како сознание, да речеме, кај министерот, кај членовите на Владата, кај претседателот на Републиката итн. да биде на располагање, да го видат и пратениците. Затвореноста на седницата ние не ја предлагаме за да народот не ве слушне вие што во своите дискусии ќе кажете, туку заради информацијата што сакаме да ви ја презентираме да бидете до крај во тек со се што се случувало на нај соодветен начин.

Сега се поставува прашањето дали иницијативата за свикување на ваква седница , намерата беше навистина пратениците до крај да се во тек со целата работа, или сега да се прави повторно некој циркус, бидејќи сега се прифаќа и една друга солуција. Ако треба тие работи не ни ги кажувајте, но да имаме слобода да разговараме пред ТВ камерите. Значи повеќе сте спремни и да немате доволно информации, да знаете

што точно се случува, меѓутоа само да бидат вклучени ТВ камерите. Тоа сериозна држава во вака исклучително сериозни меоменти не може да си го дозволи . Мислам дека и ова највисоко законодавно тело треба да биде на висината на одговорноста што се поставува пред него. Затоа уште еднаш велам, имајќи ја предвид информацијата и податоците што сакаме да ги презентираме, таквиот карактер на таа информација во Владата се процени дека бара седницата да биде од затворен тип. Јас не знам дали има уште аргументи тука да се изложуваат. Јас предлагам да се оди на гласање, па да се види.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ова е утврдуваше на режимот како да работи Собранието и тоа е сега на расправа, а кога ќе заврши расправата ќе го дадам на гласање.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници,од излагањата на дискутантите, особено од левиот блок, извинете ама не добив доволно аргументи за да сфатам дека оваа седница треба да биде од затворен тип односно дека имаме информации од таен карактер.

Прво јас сакам да потсетам е она што сакам да укажам во однос на принципиелноста на овој Парламент и во однос на неговата надлежност, во однос на решавањето на ова предметно прашање.

Како прво ова прашање кое денес треба да се стави на дневен ред и за кое овој Парламент треба да се произнесе, секако не е дефинитивно, од причини што истиот Парламент не е надлежен да кажува, да додава некакво име на оваа наша држава. Тоа е прашање од референдумски карактер.

II/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Спировски кажете за ова дали е за затворена седница или не.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Јас точно за тоа кажувам господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие објаснувате за нешто дали да биде на дневен ред. Утврдивме, на дневен ред е.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Тоа прашаше е од референдумски карактер господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

не, не, само за ова што е сега на расправа.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Токму за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, вие друго зборувате.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Јас знам точно што зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ви кажувам. Ќе ве замолам да ја напуштите говорницата. Ние одлучивме и тоа го ставивме на дневен ред. Вие зборувајте за тоа.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Вие можете да ја напуштите говорницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не јас, Вие ќе ја напуштите.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Дозволете ми да завршам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте само за ова, што ви велам.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Па токму за тоа зборувам, дека информацијата која се става на дневен ред која ја дала Владата која во однос на нејзините надлежности е надлежна да дава мислење за овој Парламент, не е од таков тип што ќе го донесе овој Парламент до дефинитивна одлука во смисла на тоа да поддржи една политика или не. Тоа прашање е токму од референдумски карактер и за тоа прашање треба да се произнесат граѓаните на Република Македонија. Јас точно знам што зборувам. Јас не ја разбирам тајноста на оваа информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па така кажете, не прифаќате тајност на информацијата.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Треба да двоиме одредени работи. Се работи за додавка на името.

**СТОЈАН АНДОВ:**

не се работи. Тоа никој овде не го поставил господине Спировски. Вие го поставувате сега, а не е на дневен ред, ве молам.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

А зошто од затворен тип. Ако Парламентот има одредени надлежности дозволете пред јавноста Владата да каже она што го има, па нека Парламентот цени, бидејќи тој ја бира Владата, дали ќе и даде доверба или не на оваа Влада. Зошто криење од јавноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

не криеме ништо од јавноста. Се работи за тоа дали да биде седницата затворена или да биде отворена за јавноста. За тоа се работ? Немојте сега да изменувате точка на дневен ред. Таа се знае, ја утврдивме и за точката не може да се дискутира натаму.

Има збор господинот Стево Црвенковски.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Овде слушнавме од еден пратеник, од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ една многу интересна теза, а тоа е дека надворешната поли- тика ја води народот. Морам да кажам дека ова не е нова теза, за жал, а стара позната теза е , позната во историјата и поттикнува од Владимир Илич Ленин, така да е многу симптоматично да доаѓа од една страна на Парламентот.

Овде се поставува прашање зошто затворена седница. По самото барање на формулацијата на дневен ред - информација за активностите околу приемот на република Македонија, на секој кој сериозно се занимава со политика би требало да му биде јасно зошто затворена седница.

Ако се постави прашање за позицијата на Република Македонија, за стратешките определби на Република Македонија , за ставот на Владата по тоа прашање, тоа е друга работа и за тоа може да се разговара Ставот впрочем е објавен, изнесен во меморандумот на Претседателот на Републиката упатен до Обединетите нации. До колку содржината на тој меморандум е она за што вие сакате јавно да расправаме, а не вака како што сте поднеле точка на дневен ред, апсолутно треба јавно да се расправа и ако имате некоја забелешка на содржината на тој меморандум, тоа е тема за расправа на парламентот и тоа е работа која цела јавност треба да ја знае.

II/10

До колку се бара информација за дневни тековни дипломатски активности тоа е нешто што ни една сериозна држава не си дозволува да расправа во јавноста. Тезата за јавна дипломатија исто така е позната во историјата, беше изнесена во 1917 година од истиот тој Владимир Илич Ленин. Тој со такви тези дојде на власт, меѓутоа создаде после најтајна дипломатија што ја познава човештвото. Заради тоа за нормален сериозен политички разговор е беспредметно дали е затворена или е јавна седница . Тоа произлегува од формулацијата на точката на дневниот ред.

III/1 пј/см

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение).

За позициите на Република Македонија, за она што државното раководство во тие позиции е тоа направено. Тоа ако сакате да расправате, тоа е јавна расправа и тие документи се јавни и објавени. Друга информација не треба. Меморандумот после. Меѓутоа, за дневните дипломатски активности единствена полза од јавна расправа ќе имаат непријателите на оваа држава за да докажат дека оваа е несериозна држава, која за онаа што никој во светот јавно не го расправа, сакаат јавно да трубат на сите врати. Затоа, ве молам да размислите во чиј интерес ќе работите.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Јас имам целосно разбирање и за заложбите кои што доаѓаат од дел од пратениците да се расправа и во вакви прилики јавно, само заради тоа што сум свесен дека еден подолг период или можеби предолг период сите во Република Македонија од најмалиот до најстариот навистина сме преоптоварени со прашањето за непризнавањето на Република Македонија, можеби само заради тоа што тоа прашање за признавањето значи и нејзин, прво, опстанок, а понатаму развој и просперитет. Ние јавно можеме да расправаме и од таа гледна точка и од потребите кој што ги има секој поединец во Република Македонија, само ако со таа расправа не нанесеме штета на врвните републички интереси, не ја поткопаме позицијата на државата во оваа фаза во која што се наоѓа, заради тоа што и држави кои што се наоѓаат во многу постабилни држави не си дозволуваат во такви клучни моменти да излезат пред јавноста со одредени гледишта, со одредени ставови, кои што ќе им нанесат директна штета. Ние јавно можеме да расправаме кога станува збор за една информација за постапката како течела нашата пријава се до овој момент за прием во обединетите нации дамо по она кое што до сега е

познато како јавен документ како што беше овде споменато меморандумот, може да расправаме јавно за нашата молба за прием во обединетите нации од име на Република Македонија, може да расправаме јавно, за сите елементи на таа политика кои што биле достапни на јавноста и кои што се слушнати до сега на разните конференции за печат после бројните средби, после сите активности од страна на претседателот, министерот за надворешни работи, Владата итн. Меѓутоа, во оваа прилика не се наоѓаме во таква фаза ние како пратеници или јас барем лично не би се сложил да учествувам повторно во расправа по елементи кои што му се познати на секого, кои што биле достапни на секого и кои што станале достапни на секого, само заради тоа што било оценето дека може да станат достапни, без да настанат штета на позицијата на Република Македонија. Ние денес би сакале да дојдеме до информации за многу суптилни работи , за многу елементи во надворешната политика за кои што чувствуваме потреба да ги знаеме за да може понатаму во нашите активности да заземеме ставови, да излеземе со предлози и решенија кои што ќе го погодат најдобро моменталниот врвен национален интерес во таа област на Република Македонија. Во таа смисла ако сакаме да дојдеме до таква информација, ако сакаме да слушнеме суптилни работи, тогаш е сосема јасно дека во таа фактографија што ќе биде изнесувана овде ќе бидат спомнати многу имиња на актуелни политичари, на министри за надворешни работи, на претседатели на влади, на копретседатели на мировни конференции на претседавачи на совет за безбедност, кои што нема да сакаат апсолутно понатаму да се сретнат со некои кои што ќе пренесе тоа што во одредени политички моменти на нашиот министер за надворешни работи, или на некој член на Владата му е кажано. Според тоа, ако сакаме да дојдеме до такви информации тоа е сосема јасно дека не

можеме најјавно да го искажеме заради тоа што ќе ги прекршиме правилата во дипломатијата и заради тоа што ќе се доведеме во ситуација да ја загрозиме позицијата на Република Македонија во понатамошните активности.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, јас не би сакал многу да се задржувам во однос на решавањето на ова дали треба да биде јавно или тајно. Меѓутоа, сакам да кажам следното, дека во времето на монизмот исклучиво беше тоа тајно и јавно. Меѓутоа, бидејќи денес ние живееме во еден плуралистички начин на работа, ако така се декларираравме, сметам дека ништо нема тајно во однос на решавањето на проблемите на овој дел кој што треба денес да дискутираме односно да решаваме. Што е тоа? Тоа е бидејќи нашата пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ постави едно единствено прашање каква е проблематиката во однос на решавање на меѓу- народното признавање на Република Македонија. Во овој случај ние до ден денес се информираме од страна на средствата за јавно информирање, од средствата за Радио-телевизијата итн. меѓутоа, до ден денешен ништо не ни е кажано во однос на решавањето на проблемите за признавањето на Републиката. Според тоа, сметам дека во овој плуралистички начин на живеење каде што во овој Парламент живеат, работат неколку партии тие партии си имаат свои опции, си имаат свои програми, кои што програми на еден одреден начин сакаат да ги презентираат пред јавноста. Дали тие се позитивни или негативни, тоа самите партии треба да си ја кажат својата вистина. Меѓутоа, овде, јас ова спрема мене го мислам, каква ќе биде таа тајна кога јас утре како пратеник на еден одреден број на гласачи треба да застанам цело време да им дискутирам и да им кажувам што беше тајна што вие го работевте. Според тоа, јас мислам дека оваа работа која што треба да ја работиме

денес на денешниов  ден не треба да биде тајна. Не треба да биде затворена седница. Ние знаеме, слушаме. Радиото и Телевизијата постојано нас не замараат со работи кои што се кажуваат на јавноста. Јас сега треба се- кому да му објаснувам што е тоа, дали е тоа вака или онака. Затоа сметам, дека оваа седница која што не само ние како пратеници, туку и целокупниот народ македонски и целокупниот наш избирачки состав бара пошто - пото да направи, да осети и да види дали средствата за информирање, телевизијата, радиото и сите оние наши врвни раководители кои се искажуваат, ја кажуваат стварната вистина или нешто се крие. Јас се сложувам, потполно се слагам дека треба да постојат државни тајни, точно е тоа, меѓутоа тие државни тајни кои што треба да бидат дадени, ако ние како пратеници сакаме да ги имаме во тој случај нека ни се презентираат писмено. Не значи дека усмено треба да се кажат тие овде и да се презентираат. Меѓутоа, сметам дека врвните наши раководители на чело со господинот претседател на Републиката, претседателот на Владата, претседателот на Парламентот, кои што се најодговорни за решавањето на проблемот за нашата држава нека ни кажат она што тие во текот на овие неколку месеци го искажале, го барале, го презентирале итн. во однос на признавањето на нашата Република Македонија. А оние тајни кои што треба да бидат напишани, тие нема да бидат тајни според мене, се заради тоа што ние овде сме повеќе партии и тие ќе бидат изнесени и кажани во јавноста онака како што и ќе ни бидат презентирани. Можеби и во многу полоша ситуација, отколку ќе ни бидат презентирани. Затоа, јас сметам дека оваа седница која што нашата парти^а ВМРО-ДПМНЕ ја бараше треба да биде отворена нека види нашиот македонски народ до каде сме дошле во однос на призна вашето на нашата Република Македонија.

III/5

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници! Имам впечаток создадовме една дилема и отворивме дискусија што би се рекло повеќе за формата, отколку за самата суштина. Иницијативата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поддржана од сите пратенички групи во Парламентот и во таа функција го утврдивме и дневниот ред на денешната седница.

Основната заложба во иницијативата што ја покренавте дека пратениците недоволно се информирани за вкупните активности поконкретно и дека бараат една исцрпна анализа за вкупните активности кои што Владата, Министерството за односи со странство, претседателот и другите носители на меѓународната активност во Републиката ги преземаат во сферата на меѓународното признавање на Македонија, пошироко меѓународно признаваше на Македонија и за прием во Обединетите нации. Оттука, за мене, велам, вештачки се поставува дилемата, никој ниту од овој Парламент, ниту од граѓаните на Македонија нешто не сака да скрие. Бидејќи тоа би била сулуда работа, доколку Владата нешто сака од овој Парламент или од народот да скрие од своите активности. Напротив поддржан од името на Пратеничката група на Социјалистичката партија. Самата проценка и оценка што Владата ја дава, а во функција да излезе целосно на барањата што ги поставува пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. А тоа значи во детали и конкретно да ги информира за вкупните активности реакции кои што се присутни во процесот на зачленувањето на Република Македонија во обединетите нации. Никој не може да оспори дека овој Парламент, целокупната политика и стратегија на меѓународната активност на нашата Република ја има утврдено и јасно детерминирано. Меѓутоа, исто така ќе се сложите дека тактичките потези во остварувањето на една стратегија секогаш интерно се чуваат, бидејќи какви се тие преговори ако

преговарачот однапред знае со какви настапи и определби ти излегуваш на преговарачката маса за решавањето на овој клучен и би рекол историски момент за Република Македонија. Според тоа тајноста на седницата не да се скријат некои информации или аргументи, напротив, сите информации и аргументи да се изнесат во овој Парламент кој што е најодговорен во Републиката да ги оцени и да даде сугестии како да се забрза активноста на тој план. Според тоа, мислам се прави замена на тезите, тајноста е не да се скријат тие информации од граѓаните и од парламентарците туку напротив тие да останат во кругот на овој Парламент како би можеле да не се дискредитираат преговарачите наши во натамошните активности. Бидејќи ние имаме една актуелна информација за активности кои што се во тек, кои што веројатно господинот Денко Малески веќе утре можеби ќе замине било каде во светот да разговара, за ние денес однапред да ги дадеме сите елементи на оној со кој што треба тој да разговара надвор во битката за пошироко меѓународно признавање на Македонија. Според тоа, мислам да одвоиме она што значи глобална политика и стратегија од она што значи оперативна тактика во секоја држава што се остварува, а која е во функција на остварувањето на таа глобална стратегија. А има начини на кои после расправата овој Парламент и јавноста ќе ја информира, а впрочем преку средствата за информирање и настапот на претседателот• Киро Глигоров во Брисел и со меморандумот кој е истакнат и бројни интервјуа на господинот Малески, било од Вашингтон, било во Скопје што се даваа, детално сме информирани за вкупните активности. Меѓутоа, овде се работи веќе за суптилни работи, тактички потези кои што оваа влада и ова Министерство за односи со странство ги води, а кои што изворно се сака да се презентираат пред овој Парламент.

Оттаму, изворно се сака да се презентира пред овој Парламент. Оттаму ми е несфатливо кога се нуди крајно изворна информација со детали да се одбива, а да се пледира, пред се, исклучиво на формата тоа да биде јавно итн. Мислам дека пред граѓаните и партиите може да информираат, но секој и пратениците треба да си понесе одговорност за националниот интерес, државниот интерес во смисла на било кои соседи или преговарачи да не ги преку нас информираме за нашите основни и стратешки цели и тактички цели кои што сакаме тие потези да ги влечеме. А велам дискутираме во актуелен момент кога работата сеуште не е за- вршена, кога сеуште претстојат средби и комуникации и мислам дека најприфатливо е седницата да биде од затворен тип како би можеле целосна информација да добиеме за вкупните активности.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, пратеници и членови на Владата. Јас не мислев околу ова прашање т.е. околу режимот да барам збор, но од повеќето настапи по малку сум иритиран. Пред се, барањето за затворена седница, по мое лично гледање може да е оправдано. Но, не може по мое гледање да се поднесува сега. Причината е едноставнана. Доколку јас добијам квантум на информации во овој миг, тогаш јас не сум ни соодветен соговорник и јас не можам да давам свој суд, јас ќе морам таа за мене нова информација квалитетно да ја обработам и на тој начин самата седница е девалвирана. А чувме дека оваа седница се свикува на барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Најмалку што можеше во функција на подготовка да направи Владата е тоа што овие тајни мигови, тајни аспекти да ни ги претстави нам во писмен материјал. Впрочем ние, како пратеници во текот на овие 2 години повеќе пати се соочувавме со материјали од различна содржина што воени аспекти, што полиција, што монетарна сфера. Затоа, сметам дека тука повторно имаме погрешка во чекорите и тоа кај Владата што не ни обезбеди навреме квалитетна информација и тоа од

III/8

доверлив карактер. Вака на самата седница да сум конфронтиран со барањето излегува дека јас сум исфрлен од натамошната дебата. Инаку, сакам да ви го предложам и тоа кога се дебатира за Македонија и за ова прашање во соседството наше седниците се затвораат. И ние не мислиме да ги затвораме очите, и ние сакаме да бидеме реални. Но, не мислиме да бидеме исфрлени на оној ист начин на кој како опозиција сме перманентно ставани надвор од настаните. Лично сум сосема доведен во степен на иритираност од тоа што дури ни странските дипломати од демократски средини одбегнуваат да разговараат со претставници на опозицијата. Тоа се случува сепак со тукашни препораки. Многу ми е жал за тоа.

Се спомна и покојниот Ленин, наводно- била присутна таква теза Негова во периодот на градењето на надворешната политика во партијата ВМРО-ДПМНЕ.' Не сакам' да навлегувам во тоа, едноставно не вреди само сакав да посочам дека во нашата држава има сеуште многу библиотеки, рафтови, реѓали што во библиотеки, што во установи, што во месни заедници каде што сеуште се чува идејното наследство и се вреднува соодветно. А за две години плурализам можеше на тие места да влезат и некои други книги. Но, не е сторено ништо, па Владата мислам дека тој процес самата го негува, а не опозицијата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господин претседателе, дами и господа, излегов со еден минимум лично убедување дека ќе бидам добро сфатен, поаѓајќи од тежината на проблемот сметам дека треба да проработи чувството на одговорност. Како пратеници чувството на одговорност и кон граѓаните што ги претставуваме. Во овој случај, прво треба да расчистиме, тајна и затворена седница. Јас мислам дека тука се предлагаше седницата да биде затворена, а не тајна и сметам дека друго е да биде тајна и друго е да биде затворена седница, затоа што после оваа седница ќе има и соопштение.

Втора работа што би сакал да кажам во овој случај ние имаме институции кои се занимаваат непосредно со оваа проблематика, со меѓу народното признавање на Република Македонија, со името Македонија. Во овој случај тука е Владата на Република Македонија со ресорното министерство, со министерот и со претседателот на Републиката.

IV/1 CJ/лј

ИСМЕТ РАМАДАНИ: (Продолжение)

Што сакам со ова да кажам. Со ова сакам да кажам дека тие луѓе односно тие институции знаат многу повеќе од нас к&ко течеле тие разговори во сиот тој од на признавањето на Македонија, а ние сме должни да го почитуваме тој што знае повеќе за оваа проблематика затоа што кој може повеќе да знае, може да знае повеќе тој што има подобри и понепосредни информации и кој со оваа проблематика непосредно се занимава. Па, затоа дури ако сакаме да бидеме сфатени и да помогнеме во овој случај јас имам и мој предлог. Да ја слушнеме ние информацијата на министерот односно од Владата, па потоа од кога ќе го слушнеме тоа ние како пратеници уште еднаш можеме да раправаме дали понатаму треба да биде јавна или не. И ако сметам дека бидејќи сме пратеници бидејќи претставуваме граѓани тоа значи дека можеме ние да раправаме за оваа проблематика затоа што тој легитимитет го имаме од тие граѓани кои не избраа во една ваква институција.

Јас мислам дека треба да се поддржи да се расправа поаѓајќи, пред се, од тоа што реков, тежината на проблемот што го расправаме.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господо пратеници, толку направивме мистерија околу оваа седница што морам да ги признаам дека јас лично едвај очекувам да почне седницата за да видиме какви се тие информации, сензационални што ќе ги чуеме денеска. бас верувам дека не само тоа што јас го чувствувам туку и целиот македонски народ кој во овој момент ја следи оваа седница сигурно со големо очекување ги очекувам овие сензации што треба да ги чуеме овој пат од министерот за надворешни работи или без разлика овде кој ќе ја информира јавноста.

IV/2.-

Чувме многу теоретски дискусии што е тоа јавна седница, што е тоа тајна седница дури дојдовме до таму да ни биде образложено и да ни се даваат коментари што е тоа јавна односно што е тоа тајна а што е тоа затворена седница, дека не било исто. Значи почнавме да навлегуваме во некои смешни коментари на кои најверојатно ни оние што ги зборуваат не им веруваат дека се така. Меѓутоа, кога зборуваме за ова јавна или тајна седница морам да посочам неколку елементи. Прво, без сомнение дека во секоја држава постојат работи кои треба тајно да се разгледуваат, посебно работите од национална безбедност, некои моменти на монетарниот систем, апсолутно се согласувам со тоа дури ако треба и од надворешната политика некои моменти да се разгледуваат на тајна седница, меѓутоа при давањето на информацијата за досегашната активност за приемот на обединетите нации апсолутно не гледам ни еден елемент зошто оваа седница денеска би била тајна седница односно затворена седница од која седница ќе можеме само ние внатре да чуеме нешто што е и како е, додека целата друга јавност ќе остане без никакви информации.

Зошто сметам дека нема никаква потреба од тајна односно затворена седница? Сметам затоа што најпрвин навистина незнам што е тоа што е толку многу сензационално навистина ќе се каже на оваа седница во вид на информација. Овде беа спомнати елементи дека ќе имало многу фактографија, ќе имало датуми, ќе се спомнувале политички личности, ќе се спомнувале претседатели на држави, ќе се спомнувале министри за надворешни работи. Па, што ако се спомнуваат. Јас верувам дека ќе се спомнуваат сите оние средби и контакти за кои и за кои целата македонска јавност досега била информирана преку средствата за јавно информирање, преку секоја конкретна средба ние знаеме дека претседателот на Републиката или министерот за надворешни работи имаше прес конференција, имаше изјава за јавноста

и верувам дека тогаш кога ги кога ги давале тие изјави и кога ги правеле тие прес конференции ни ја кажувале вистината. Значи, ако сега при спомнувањето на овие личности и на овие средби испаѓа дека нешто друго се разговарало, некои други информации закажувале, значи ние цело време на еден начин полека, постепено сме биле манипулирани. Тоа е единствената логика што може да произлезе од тоа дека ќе се спомнувале претседатели на држави или министри за надворешни работи. Тоа се досега беше легално легална информација на сите граѓани на Република Македонија, за сите нас.

Втората работа, зошто сметам не треба да биде дека не треба да биде тајна односно затворена оваа седница? Затоа што ако министерот за надворешни работи на Република Македонија и господинот претседател на Република Македонија кој цело време ја водеше таа надворешна политика на Република Македонија досега на правилен и вистински начин ја информираше и Македонската јавност и овој парламент, а дури да не го симнуваше проблемот толку широко туку даречеме чисто конкретно парламентарната комисија за надворешни работи при Македонското собрание тогаш без сомнение ваквата седница сега воопшто немаше да ни треба, апсолутни немаше да биде потребна. Да го поставиме прашањето на што е резултат ова барање сега за затворена седница. Резултат е токму на она што досега немаше никакво односно имало значи некоја маска околу информирањето во Република Македонија, имало некои тајни, имало некои мистерии' со кој македонскиот граѓанин не можел да дојде до правата информација. Или ако не македонскиот граѓанин тогаш членовите на македонскиот парламент не можеле да дојдат до таа правилна информација.

IV/4.-

Кога зборуваме за тајна или затворена седница исто така навистина сега сме доведени до една состојба да размислуваме дека навистина нешто ќе чуеме страшно на оваа затворена седница, а што може да биде она страшното, страшно може да биде она што веќе секојдневно го слушаме и впрочем за што беше поводот да се свика оваа седница, а тоа е нели, онаа мистерија со промената на името на Република Македонија. Ако веќе се зборува за такви информации, ако веќе се настапува од таков видна сугестии тогаш јас можам да ви кажам дека ако погледам од еден морален аспект како пратеник кон обврската на граѓаните кои не гласале исто така тешко можам да прифатам на една затворена седница да дискутирам за така високи национални интереси на Република Македонија каде што се доведува во прашање самото име на Република Македонија од едноставна причина што сметам дека навистина ако веќе се зборува за такви тешки работи односно за така сериозни работи тогаш многу поморално чисти ќе се чувствуваме сите ние доколку целата македонска јавност го слуша разговорот и информациите отколку тие информации да бидат дадени внатре на затворена седница а потоа да ги раскажуваме ние како било или што било.

И последната работа зошто не сакам затворени седници, посебно за ова прашање е затоа што во искуството што го имам досега од затворените разговори, затворените договори, затворените преговори посебно со припадниците на левата коалиција во македонскиот парламент секогаш после тие затворени договори и преговори испаѓа нешто сосема спротивно од она што било разговарано и обично се оди на една манипулација тоа е како еден стандард досега. Затоа јас лично се плашам доколку на оваа седница стана значи збор за така сериозни работи, како што е името на Република Македонија се плашам од манипулацијата која после може да биде направена и со мене лично како пратеник и со пратеничката група и верувам со целата јавност.

IV/5.-

Зошто се плашам од манипулација?

Знаеме дека сите средства за јавно информирање се под државна контрола на еден човек во Република Македонија и под една партија, тоа е коалиционата влада и во таа смисла ние можеме после во јавноста ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

За средствата за јавно информирање ќе разговараме друг пат, на 53-та седница.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**

Ние можеме во јавноста да добиеме, еве готово, уште една реченица. Тоа е токму во склопот затворена, јавна или затворена седница. Значи ние можеме повторно во јавноста можеме да добиеме една потполна манипулација во која потоа ќе биде навистина џабе и да правиме прес-конференции и да објаснуваме што било и да бараме телевизиски настап и да објаснуваме што било и како било. Затоа, нема подобра, некој ја спомна одговорноста, да се повикаме на одговорноста. Јас не гледам за што ние нема да бидеме одговорни ако секој како што размислува излезе на говорницата и пред овој парламент и пред целата македонска јавност си го каже своето мислеше. Така треба, вака, треба, ова на тој начин треба да се прави, јас не гледам што се губи од одговорноста. Напротив сметам дека затворената седница ќе придонесе многу пратеници посебно од левиот блок овде да искажуваат мислења кои немаат никаква потпора кај нивните гласачи, немаат никаква потпора во широките слоеви и едноставно ќе ги бранат ставовите што биле некаде договорени, во некоја канцеларија. Напротив дури на една отворена седница ќе можеме да се соочиме со вистинската одговорност затоа што само на тој начин можеме да зборуваме, да изнесуваме наши ставови, наши размисли и да велиме дека сме одговорни. Апсолутно дека затворената седница ќе допринесе неодговорноста да биде уште на поголемо ниво затоа што секој ќе биде заштитен, никој не гледа од

страна можам да зборувам што сакам. Одговорноста можеме да ја бараме само на отворена седница која ќе биде пренесувана.

И, конечно ако зборуваме веќе за демократијата, за едно вакво прашање апсолутно дилемата е отворена или затворена седница апсолутно не треба ни да се дискутира. Оттука сметам дека треба да се премине и конечно да ги чуеме информациите за кои јас верувам кога ќе ги чуеме сите ние ќе заклучиме дека ниту биле толку тајни, ниту биле толку сензационални, ниту биле толку државни и незнам какви тајни од причина што од прилика сите горе доле можеме да претпоставиме што ќе биде изнесено и што е тоа што ќе се бара.

(реплика бара пратеникот Исмет Рамадани)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не сте спомнати. Не, не,не. После ќе ви дадам збор, прво ќе има збор господинот Рахими а потоа Исмет Рамадани.

**РАХИМИ ШУКРИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници. Дозволете и јас неколку збора да кажам во врска со отвореноста или затвореноста на седницата. Сакам да речам дека секој политички субјект има своја стратегија, па и државата има своја стратегија која е во тек, која е во развиток, која не е завршена која треба да се одвива и се разбира; таа стратегија не треба да биде јавна, секому достапна. Дозволете само една партија, било која од нашите има своја стратегија и тие преговори, контакти, договори, нели се тајни, затворени да речам подобро, а не отворени дури не се оствари тој процес. Па и државата ете така има своја стратегија која е процес и кој не е уште завршен туку треба да се заврши со време.

Па, зар, сега треба секому да биде пристапна оваа стратегија, тие преговори, тие договори. дозволете јас само од искуство да ви речам, сум работел доста по дипломатски архиви. Во дипломатските архиви постои ред и критериуми. Има документи кои не можат да се користат пред 30 години на претекот на староста а некои после и 50 години што значи дека државата има своја политичка и дипломатска стратегија која треба да се запази, а да се сочува да нема реперкусии политички и затоа тие ги чуваат во дипломатски архиви, такви документи.

Ние сакаме како, се извинувам што вака треба да речам, како да сме на некоја конференција на месна заедница, се отворено овде се што треба, па и државни работи и сите работи да ги изнесеме на видело. И затоа тргнувајќи од овие принципи јас сум затоа да треба да се одржи затворена седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас нешто ќе кажам,малку, оваа седница ја закажав поради барањето што беше од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, точно утврдена тема и точка и точно утврдено од кого да се бара. Таа во текстот на барањето беше претседателот на републиката, Владата или министерот за надворешни работи да дадат усна информација.

Видете мислам оти треба да се одржи ваква седница, но ние сега сме во опасност да дојдеме во една ситуација кога и сами изгледа овде се колебаме дали ни треба таква седница или треба да излеземе од оваа состојба, а не е лесно со ова што сега се случи. Видете, овде се зборува за тоа дали нешто страшно ќе има во информацијата, дали има нешто ексклузивно итн., народот треба да знае.

V/1.- ЛП-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Видете, народот има интерес да знае. Сигурно, врвен интерес на народот овде е да има држава и таа држава си е устроена по прописи. Има прописи. Државата има, како што знаете и сите вие се изјаснивте дека има некои работи кои треба да останат од доверлива природа, и никој против тоа нема, вие сите за тоа се согласувате. За тоа што е доверливо, што не е доверливо не оценува народот. По нашите закони и прописи точно се знае кои работи, во кој случај, орган оценува. Според тоа, како стојат кај нас работите. Да не одиме во овие силни демократски изрази. Јас морам да ви кажам дека тоа не е демократија. Демократија е устроената држава, па врз основа на прописите секој да си ја работи својата работа во рамките на овластувањата, а не е демократија еден да му скокне во дворот на друг па да му каже како итн. Тоа не е демократија. Видете сега, има пропис кај нас кој одредува дека степенот на доверливоста на материјалот кој се дава го утврдува оној кој го подготвил материјалот. Според тоа, ние овде не сме во ситуација и немаме законско право да одлучуваме, да го менуваме режимот на доверливоста на материјалот кој треба овде да биде поделен, заради тоа што тоа е изворно законско право на тој орган што го подготвил, а ние сме барале од тој орган да го подготви, туку дали сакаме ние да ги имаме тие информации или не сакаме да ги имаме тие информации. Ако сакаме да ги имаме тие информации, тогаш тие информации треба да ги добиеме како доверливи. Така утврдил органот кој ни ги испратил и имаме ние на материјалот обележано и за тоа не се рас- права. За тоа не се расправа дали да биде доверлив или недоверлив, за тоа само Владата може да одлучи. Не може никој друг да одлучи ако Владата го подготвила материјалот. Ако некој друг подготви, тој што ќе подготви информација, тој одлучува. Така стои во нашите прописи. Ако сакаме

поинаку, треба да ги измениме прописите. Демократија да измислуваме дека, еве, ако пишува во прописите така ама ние мислиме народот вака сака, па вака има да биде денес, па утре инаку сака народот, инаку ќе биде - тоа не е демократија. Да се разбереме, тоа може да биде мало додворување на народот денес - утре, меѓутоа, тоа не е демократија, тоа е заведување на народот постепено да ја напушта државата и да ги напушта нејзините регулативи врз основа на кои постои државата. Затоа, сега ние во која ситуација сме. Дали ние сакаме да расправаме за оваа информација, тогаш таа така како што одредила Владата таков карактер има, тогаш треба да донесеме одлука дека оваа седница е затворена заради доверливиот карактер на материјалот кој е доставен кај нас и Владата укажува дека така треба да биде, или ние не сакаме да расправаме, не сакаме седница по тоа. Тоа е само што ние можеме да одлучиме.

Друго може да се случи, може Владата да го измени карактерот на доверливоста на материјалот, но тоа е работа на Владата. Ние овде не можеме тоа да го сториме.

Слушам и некои други работи. Ете, еден пратеник вели - на своите членови на партијата како ќе им каже и др. Видете,овде сте одговорни државни функционери, сите ние. Тука една работа е што припаѓаме на разни политички партии, но кога се однесува до утврдување на степенот на доверливоста, на функционирањето на прописите кои се донесени, да речеме, од органите на власта овде, нема тука на оваа партија сум, на онаа партија сум, прописите важат за сите и има точно така во согласност со прописите да се работи. Инаку не може.

Затоа сега сакам да ви укажам, ние можеме да продолжиме со расправата, ама работите само вака стојат како што ви кажав. Степенот

на доверливоста се утврдува само од оној кој го изготвил материјалот и тоа е секогаш и за секогаш така, тоа е прво, може да го промени тој орган степенот на доверливоста на материјалот. Ние сега можеме да гласаме да имаме затворена седница или да немаме седница, или да ни даде друга информација Владата, но тоа е работа на Владата, тоа не е наша работа.

Затоа, сега можеме да расправаме, меѓутоа, кога ќе завршиме со расправата јас тоа ќе го поставам на изјаснување. Водете сметка, ако не се добијат 80 гласови, седница по овој материјал нема. Да водиме сметка за тоа. А за тоа дека секоја држава има различен степен на доверливи материјали и различен степен на доверливост на прашања на расправи, тоа не треба да ви го кажувам. Само племињата кои не направиле држава немаат доверливи работи. Само тие немаат, таму седат на сред село и се расправа така. Инаку, секоја организирана држава тоа со пропис го направила. И кај нас е исто така. Затоа, молам да бидеме свесни како гласаме сега за да знаеме дали ќе имаме седница или немаме седница.

(Претседателот Стојан Андов ја напушта говорницата и се враќа на своето место на претседавач).

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас сакам само да се надоврзам на излагањето на претседателот Андов. Точно е тоа дека ние бараме седница, но не бараме затворена, нели? Тука веќе расчистуваме. Точно е и тоа дека нема- ме материјал, па не знаеме дали Владата на него ставила некоја ознака или има мислење или нема.

Излегов само да кажам дека ние крајно сериозно се однесовме кон вашето барање и како пратеничка група прифативме, по барање на

министерот Денко Малески да оствариме средба во функција на одржувањето на оваа седница. Господинот Денко Малески вчера, во текот на целиот ден, не најде за сходно да се сретне со групата пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, едноставно не изманипулира целиот ден да не држи во неизвесност за остварување на таа средба. Бидејќи, ако сум точно информиран, и Владата расправала вчера, ако си дозволи господинот Денко Малески нас како група да не изманипулира во текот на вчерашниот ден, тоа истото денес се обидува да го направи и претседателот на Владата господинот Црвенковски. Мислам дека од ова јасно се укажува дека е една игра за неодржување на седницата од страна на Владата и ништо повеќе.

Ние останувaме на нашето барање за отворена седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само за режимот на материјалот зборуваше претседателот на Владата и кажа, треба да го слушаме за тоа.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, чувствувам потреба да дообјаснам некои работи. Наизглед може би изгледа дека заради некои деструктивни или лоши намери се истапува вака и се настојува на ова на што се настојува. Јас сакам во кратки црти да образложам зошто е тоа така.

Точката која што е денес на дневен ред, за таа точка, од таа точка, опозицијата е исклучена и во самата работа, мислам над-ворешната политика и никакви информации нема и не може да добие опозицијата за таа работа. Истовремено имаме многу контрадикторни информации од средствата за јавно информираше по повод сето ова. Свесни сме за тоа дека процедурите околу ова не се јасни на никого, некои ги имаат проучено, имаат дојдено до некои работи, тоа не се објаснува, не го знае

ни народот и целата оваа област е покриена, како да речам, со многу нејаснотии, сметавме дека е неопходно тоа да се разјасни, не со лоши намери. Бидејќи имаме многу лошо искуство, бидејќи ова Собрание не беше ни известено ни свикано во врска со повикувањето на силите на УНПРОФОР, во врска со договорите, начинот, како што се зборуваше дека и тоа ќе дојде на седница, но не дојде. Нашата власт прифати, слушаме и тоа од средствата за јавно информирање, сугестија од надвор за попис на нашето население, нешто што ниту се разговарало ниту се дискутирало, ниту дошло на седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, држете се за ова сега.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Ова е се во рамките на ова за што зборуваме, за процедурата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, ќе предизвикате расправа во која ќе ви докажат дека тоа не е...

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Ние прифативме инсталација на мисиите на ЌЕБС и ние од страна слушаме дека е потпишана со потпис од Владата на документ каде што се содржи името "бивша југословенска Република Македонија". Не можеме да го провериме тоа. Сакам да кажам дека една по една работите се случуваат, а ние денес чувме, господинот Поповски рече - чекајте, работата уште не е довршена. Ние не можеме уште да разговараме. Е, опозицијата почитувани пратеници се плаши имено од

тоа, дека работата ќе биде довршена и кога ќе дојдеме во Собрание ние нема да имаме за што да разговараме• Никако не сме за тоа тајните работи или тие работи што може на државата Македонија да штетат да бидат изнесувани јавно. Ама за тоа, искусни политичари во кои сигурно јас не се вбројувам, не постапуваат на овој начин. Во овие бурни времиња, кога е таква голема бура што нашето бротче што се вика држава Македонија може секој момент рамнотежа да изгуби, знаат искусните политичари како таа рамнотежа се држи. Не може таа рамнотежа да се држи со исклучување на опозицијата од се . Се прават советувања, еднаш неделно, еднаш на две недели, каде што се разговара за овие работи, каде што со доверба се игра со отворени карти внатре за да може после јавно да биде подготвена и седница и да биде се како што треба. Ако сакаме вистинска внатрешна рамнотежа на нашето бротче, ние не смееме да дозволиме солисти. Треба повеќе меѓу себе да разговараме, не во оваа сала, во другите кабинети во собранието. Бидејќи сметам дека дел веројатно, како што оценува Владата, дел од материјалот за оваа седница не е за јавност, мислам дека може да се даде време тоа да се подели писмено, а делот кој што е неопходен за да се објаснат некои работи зашто и нашата јавност е многу збркана со овие контрадикторни информации, да се дозволи да се каже, да се објасни јавно така што да можат сите да чујат.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во секој случај најмногу тешко паѓаат вакви состојби кога од една обична работа сакаме да направиме фетиш и често пати од оваа говорница луѓето јасно укажуваат на правна држава, јасно укажуваат на норми по кои треба да се однесуваме. А очигледно е

дека во Собранието ние не се однесуваме така. Ако цела една пратеничка група поднесе барање за ова чувствително прашање да се разговара овде во овој Парламент мене многу симптоматично ми е и многу нечовечно ми делува, плус тоа и на мојата психа делува. Многу разорно, зошто оваа Комисија во Македонскиот парламент за надворешна политика и односи со странство оваа точка не дошла на расправа и соодветното помошно тело да има одреден став, па таму или вод ругите комисии да се утврдат тие принципи дали ќе биде од затворен или од отворен тип оваа комисија. И таму да се испукаат сите овие работи, наместо сега прелиминарно пред самата точка да започне да ги изнесуваме. Уште еднаш потврдувам дека навистина ние работиме така како што не треба да работиме и постојано ги игнорираме сите дела, и ако овде сите широкоградно се изјаснуваме дека ние почитуваме правна држава и деловници, и пропозиции итн. Всушност, ништо не сакаме да почитуваме, едноставно газиме се пред себе кога се наоѓаат некакви незнам кој се тие интереси на поединци во оваа држава Македонија или на одредени политички сили на овој парламент. Ако за оваа страна тие биле стратешки национални интереси, тогаш ние треба веднаш од оваа страна да си одиме со наведната глава или некој да ни ја сече главата со сабја ако ние не сме за едни так- ви возвишени национални интереси на оваа Македонија. Тоа е катастрофа ние како резонираме овде, катастрофа. Зошто е суспендирана Комисијата за надворешна политика и односи со странство? две години не функционира. А од друга страна сакаме да се покажуваме како компетентни или како повикани луѓе од бога кои можат само да ја водат надворешната политика и за спас на Македонија околу признавањето или околу зачленувањето на Македонија во Обединетите нации. Тоа секогаш ми доаѓа да размислувам како човек. И тоа што најболно ми паѓа, кога некој те манипулира, го гледаш јавно те лаже, пред очи да те лаже, а немаш

механизам да му се спротивставиш. Тоа е најопасното. И со други комисии. Оти овде на оваа говорница за полно работи и прашања ние имаме одложено затоа што не поминале во соодветните тела во Собранието. А сега имаме апсурд. Како може ова прашање досега да не помине или пак да се одложеше оваа седница за еден ден, ќе поминеше и во комисии, ќе се издговоревме, сето она што е непотребно ќе беше исфрлено во тие комисии, а не сега овде и бес потребно.

Јас сум, ако може некако или да се одложи, па точката повторно да се најде во Комисијата за надворешна политика и односи со странство да видиме што можеме конечно да решиме. Инаку, ова е пат позиција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент, морам да објаснам, овој материјал е утринава дојден, ова утро е дојден и не можел да оди во комисиите и тој неможе да оди во комисиите додека овде не се - тој има режим утврден од Владата, тој може да оди на Комисија откако Собранието ќе заклучи дека прифаќа затворена седница, ќе го ислушаме известителот, веројатно министерот за надворешни работи и тогаш можеме да дадеме пауза, Комисијата да го разгледа материјалот, да даде став овде, извештај свои итн. Дотогаш немаме можност да го пуштиме материјалот во постапка. Ова е начинот како опозицијата се вовлекува да биде информирана за државната политика, сака да биде информирана госпоѓа Димитрова добро и правилно рече, нема на друг начин. Има некои работи кои се за целата јавност и цел свет и има некои работи кои се за парламентот, таму спаѓа и опозицијата и има некои работи кои се за министерот, јас не ги знам има и такви работи. и мора да има такви работи, тоа е држава, што ќе му правиш.

V/9.-

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Господине претседателе Андов, бидејќи ме спомнавте, сакам да ви кажам дека ќе ви верувам дека е прва работа устроеноста на државата, а после се друго, кога ќе помогнете да се стави на маса Деловникот и кога нема да правите блокади од 45 дена на Собранието и кога нема да дискутирате и управувате после секој пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има 12о пратеници, еден нека не верува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, не сакам да говорам околу тоа дали седни- цата ќе биде тајна или јавна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само тоа е на дневен ред.

**Т0МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, ние имаме дневен ред,и го усвоивме со точка прва.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сме минале на точката.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, со точка да биде, да не се изменува, дозволете ми да говорам, ако не е нешто,има стенограми, што кажав од веќе, тоа е моја грешка, не е ваша.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има правило за што се зборува, за која точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Утврден е дневен ред, дозволете, ќе ги повторам зборовите на претседателот на Собранието: Дали господа пратеници се согласувате оваа седница да биде со единствена точка без изменување и дополнување, а тоа е Информација за нашето залагање за меѓународно признавање. Ако не е така - е значи немаме спорно. Тогаш дојде интервенцијата на претседателот на Владата со една молба до Парламентот оваа точка, информацијата што ќе ја даде тој или ќе биде тоа, тоа се негови зборови, преку министерот за односи со странство да биде на затворена седница. Значи господинот претседател ги искористил уставните права кои ги има. Меѓутоа, ќе до- пушти и Собранието да ги искористи своите уставни права. Кога еден има право, дозволете му и на другиот тоа да го користи. Јас не сакам повеќе да должам, затоа реков не говорам дали јавно или тајно.

Член 70 од Уставот, некои пратеници овде седат а не го гласаа, меѓутоа, мора да го почитуваат, а тие другите што го гласаат и те како. А тој гласи:

"Седниците на Собранието се јавни".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Став втори, Собранието може, значи е можност, а не задолжение да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство. Одлуката за одржување на затворена седница ја носи Собранието. Ние овде нема што повеќе да се надмудруваме. Господинот претседател ви каже дека известувањето на Владата, таа прогласува тајност. Не. Овде она што го расправа Собранието начелно е одлучено и во основа е јавно. На него му дава за право да одлучува, а не на друг Ако е така јас ќе го повикам господинот претседател каде ќе ме упати јас ќе се повлечам тогаш и можеби не кажувам ќе успеам тогаш да ја убедам и мојата парламентарна група да се повлече ако стои во некој деловник каде ќе каже дека Владата е таа која одлучува за тајност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Постои деловникот каде се вели дека материјалот кој доаѓа во Собрание со него се постапува и тој има статус таков каков има ознака, а ознаката ја дава оној кој го праќа материјалот. Јас не реков дека Владата одлучува седницата да биде затворена. Владата не одлучува за тоа. Владата одлучува за ознаката на материјалот. Нејзин е материјалот. Ако вие подготвите материјал и инаку го означите тој ќе има друг режим на доверливост. Тоа е по Деловникот. Уставот не се занимава со тие работи. Според тоа, не реков јас дека Владата треба да одлучи каква да биде седницата. Ние ќе гласаме дали ќе биде затворена, или не. Фактички јас само укажав врз основа на прописите оној кој го испратил материјалот, тој дал ознака и со таква ознака доаѓа материјалот во Собранието. Тоа е кажано во член 58.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРОВСКА:**

Претседателот на Собранието не доведе до една мала заб- луда, бидејќи изјави дека, овде се зборува дали ќе има седница, или не. Воопшто не се зборува дали ќе има седница, или не. Седница се одржува секако. Се дискутира дали седницата ќе биде јавна, или тајна? По член 7 0 пратеникот Стојановски прочита дека Собранието работи јавно дека Собранието може да работи тајно со гласање со двотретинско мнозинство. И незнам зошто кај претседателот заблудата, дали ќе има седница, или не. Ние не зборуваме за тоа дали ќе има седница, или не. Значи ли тоа дека ако не се изгласа тајноста на материјалот седницата нема да се одржи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам склонете се, сега ќе ви кажам.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРОВСКА:**

Па не завршив. Еве јас ќе се отстранам од говорницата, иако не ја завршив својата мисла, бидејќи така сака претседателот на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Завршете ја. Треба да следиме што се случува во салата. Овде претседателот на Владата ни кажа дека материјалот што го достави и треба да биде поделен ако се одлучиме на затворена седница што произлегува од режимот на материјалот како строго доверлив. Според тоа, фактичката состојба е ако не се одлучи за затворена седница, ние немаме материјал за расправа. Во тоа е работата. А може да имаме материјал за расправа, може да расправаме ако Владата го промени режимот. Не можеме ние да го заплениме материјалот овде и ние да го менуваме режимот. Тоа не може, се разбира.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, очигледно дека некој се потруди навистина во овој Парламент да создаде забуна, односно да ја скара левата и

десната страна за да види дали некој сака да расправа за државата, или не. Мислам дека интересот на сите нас овде ни е заеднички. Ние сакаме да расправаме по информацијата за приемот на Република Македонија во ОН и ова е еден навистина формален спор кој ова Собрание мислам дека може да го разреши. Пред се ќе кажам дека денешнава седница ја замисливе како јавна не само заради доменот на информацијата што ќе ја чуеме, туку и заради тоа што и јавноста сака да слушне многу работи кои што во овој момент не и се многу достапни. Меѓутоа, бидејќи Владата очигледно сака да понуди еден материјал кој што е многу пообемен, поопсежен и сигурно со степен на доверливост кој таа го одлучила дека е до државен интерес и не така општо прифатете туку потребен за сите оние кои што треба да го слушнат јас ќе се одлучам да расправам и да гласам оваа седница да биде затворена. При тоа ќе напомнам дека сигурно последен збор по оваа информација нема да има Владата бидејќи и карактерот на информацијата Собранието ќе може да проследи и согласно параметрите што и тоа ги располага бидејќи тие параметри се колку достапни за Владата, толку и за Собранието ќе може да оцени дали таа информација навистина требала да биде од таен, или пак од јавен карактер.

И кога сум веќе тука, навистина морам после беседата на претседателот на Собранието да кажам. Тешко на онаа држава во која претседателот на Собранието демократијата ја гледа исклучиво преку лично олицетворение, а внатрешното устројство и расположливоста на Парламентот кој гласаше за негов избор го гледа на ниво на племенска заедница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, тоа се инсинуации на госпоѓа Марковска. Ако слушаат и гледаат гледачите ќе се види дека ние Собраниските расправи ги имаме како прилика за ситни боцкања, а не да се договориме да одлучиме нешто.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Произлегува дека посилен во аргументите о оној кој што ќе го чита Уставот. Па, и јас да го прочитам. Членот 70 ставот 2 зборува дека Собранието одлучува да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство. Мислам дека е јасно секому. Ако немаме 2/3-ско мнозинство се одложува седницата, отворена седница имаме. Тоа е логиката. Ако се вратиме сега на членот 61 од Уставот, а таму убаво вели дека организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и Деловникот. А знаеме кои сме правници каде е снагата на државата, во Уставот е, а не во Деловникот. Оттука мислам работите веќе се приведуваат кон крај и јасно е дека седницата треба да биде отворена. Онаа закана сега што се дава дека ако не биде затворена предлагачот наводно ќе ја повлече информацијата е чиста манипулација со македонската јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да си играте. Убаво укажав како може да се одржи седницата. Седницата може да се одржи ако се прифати да биде затворена заради доверливоста на материјалот, степен на доверливост кој го утврдила Владата. Може да се одржи и ако нема затворена седница, а ако Владата го измени режимот на доверливост, па каже дека тој материјал не е доверлив, или може да се одржи наместо Владата ако остане на овој степен на доверливост некој друг да подготви материјал. Тоа се можностите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека барем мене ми се веќе јасни работите и затоа отворено прашувам. Зошто е потребна оваа седница? За сопствен политички маркетинг на ставовите, или за да работите се договорат во Собранието? Ако е потребна за сопствен политички маркетинг,да се договориме Телевизија нека отстапи пет часа нека се

изнакаже ВМРО-ДПМНЕ се што треба. Очигледно дека не е потребно да се договорат работите овде. Ги почитувам дискусиите на господинот Абди, на господинот Голубовски, на господинот Андов и сите кои дискутираа во насока, тоа нема да го повторам.

Кога сме веќе кај оваа демагогија која се шири од ВМРО- ДПМНЕ, ајде вака да предложиме. Вашите парламентарни групи кога имаат состаноци нека си се отворат седниците за јавноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се обраќајте на парламентарни групи поединечно. Само аргументи за јавна, или затворена седница. Само тоа, ништо друго.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас го повикувам претседателот на Собранието кога лидерот на ВМРО-ДПМНЕ се обраќа на левата коалиција да го прекине исто. И тогаш ќе верувам дека вие сакате пред очите на јавноста да се договараат стратешките работи кога вие вашите централни комитети пред очи те на јавноста ќе ги отворите. И ако сме веќе кај таа демагогија народот да гледа што правиме, зошто пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за сите клучни работи кога треба пред народот да гласа, бара тајно гласаше. За избори бара тајно гласање. Зошто тогаш не рековте. Дајте народот да види за што ние се залагаме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се надевам дека нема да бидам прекинуван и извикуван од страна на пратениците со оглед на тоа што сметам дека прашањето е доста сериозно. Според мене целта на расправата ќе ги определи интересите на пратениците за јавна,или затворена седница. Ако целта на ова Собрание и на сите пратеници без оглед на нивната партиска припадност е да ние како пратеници бидеме информирани со настаните, со активностите, со сето она што се одвива во меѓународни рамки, во контактите наши со странски делегации, ако наша цел е од таа

информации да извлечеме заклучоци кои ќе одат во корист на зајакнување на нашите позиции во преговорите за меѓународното признавање на Република Македонија, ако таа информација ќе оди во корист на што побрзото признавање на РМ, тогаш ирелевантен е фактот дали седницата ќе биде отворена или затворена. Зошто целта не ни е тоа, зошто целта значи не ни е јавното мнение внатре во РМ каков став ќе заземе по однос на едни партиски ставови по тоа прашање, или во однос на други партиски ставови. Доколку целта не ни е тоа, доколку целта ни е, на македонската јавност, на нашите граѓани им даваме претстава за нашите позиции, за нашите гледања кон овие прашања, тогаш е сосема друга работа. Тогаш сосема е јасно дека партиските интереси ќе преовладуваат да заземеме ставови оваа седница да биде јавна и да ја убедиме на крај таа наша јавност за нашите коректни ставови по однос на прашањето. Јас мислам дека искрена заложба е на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ првото односно ние заедно овде како парламент вклучувајќи ја и Владата да се избориме за што подобри позиции во нашите преговори, односно да бидеме информирани сега во моментов. И заклучно ставовите и информациите кои ќе бидат изнесени овде да работиме сите заеднички за таа наша заедничка цел. Ако е тоа, тоа сметам дека не е ниту малку важно сега каква седница ние ќе имаме.

И кога сум овде, морам и јас да се повикувам на Уставот затоа што претходните мои колеги од пратеничката група на ВМРО тоа го направија. Нема да се повикувам на нашиот Деловник кој знаеме каков ние е, туку токму на Уставот. Јасно е дека првиот став на Уставот го одредува начинот на работата на Собранието и правилото како Собранието работи, а тоа е јавно. Значи Собранието, седниците на Собранието по правило се јавни. Но, со оглед на тоа што уставо-творецот т.е. ние сите овде, како Собрание што донесовме ваков Устав имавме и тогаш во предвид дека има работи за кои пред мене овде ги

спомна господинот Поповски и премиерот, свесни за тие прашања кои неминовно животот ќе ги наметне ставивме и клаузула во членот 70, односно рековме дека Собранието може да расправа и без присуство на јавноста ако за тоа одлучат две третини од пратениците на Собранието на РМ. И со оглед на тоа што предлагачот на актот т.е. Владата веќе има таков став изграден дека материјалот и информацијата која ќе биде поднесена овде пред пратениците е од таков карактер што бара исклучување на јавноста од работата на Собранието. Претседателот на Собранието е должен тоа и да го направи, односно да го информира Собранието дека предлогот на Владата е за материјалот и информацијата да се расправа без присуство на јавноста. И што сега преостанува? Преостанува единствено да ги слушнеме како што и ги слушнавме арг метите на едната и другата страна дека информацијата иако не ја знаеме затоа што таа сеуште не е поднесена е од ваков, или онаков карактер. Овде меродавен став за одлучување, односно за изградување на ставови на едните и другите пратеници е ставот на Владата, затоа што таа знае што содржи таа информација. Ние уште ја немаме. Но,. со оглед на тоа дека е очигледно и тоа што сметам дека е сосема нормално дека опозицијата и позицијата ќе имаат различни ставови, по однос на тоа прашање. Сметам дека априори ние не можевме да одлучуваме. Но, со оглед на тоа дека ги слушнавме и едните и другите ставови и аргументи, сметам дека е време пратениците да одлучат по тоа прашање. Доколку Собранието одлучи поинаку од ставот на Владата како автор како предлагач на материјалот, тогаш сосема е нормално предлагачот да стои зад тоа, или да го повлече материјалот. Во тој случај Собранието останува без тема, без материјал за расправа на дневен ред.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, почетокот на денешнава седница наликува на игри без граници. Почнавме да расправаме за се и сешто, наместо како што нетрпеливо очекуваат сите граѓани на Македонија да започнеме со расправата за прием на РМ во организацијата на Обединетите нации. Слушнавме дури и дискусии кои што се однесуваат внатре на партиската работа вклучително и на опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ. Па господинот кој што го постави прашањето за тајноста, или јавноста на седниците на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ го упатувам на министерот на полицијата кој што е член на СДС кој што може директен пренос да му изврши од седниците на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Исто така, беше кажано од истиот пратеник дека треба работите да се договараат овде и тоа на затворена седница. Нема што да се договара кога станува збор за приемот на Македонија во ОН а тоа се врзува со промена на името на РМ. Опозицијата јасно кажа дека никој нема право ниту според Уставот, ниту според законската регулатива во Македонија да дава, или пак да прифаќа таков предлог. Можеме после информацијата само да расправаме за одговорноста на носителите на надворешната политика кои што си дозволија зад затворени врати, во тесен круг да даваат предлози, да ја водат надворешната политика. Имам впечаток дека позицијата токму од овие причини на секој начин сака да го минира одржувањето на седницата постапувајќи ултимативно, или затворена седница, или нема седница. На тој начин фактички сака да се заштити од одговорноста која што треба да ја сноси за последиците од водењето на надворешната политика факт е дека постапката за прием на РМ во ОН е стопирана.

VII/1.- JJ/ЉР

**ДОСТА ДИМОВСКА**: (продолжение)

Барањето на опозиционата партија ВМРО ДПМНЕ за јавна седница, мора да имате сите разбирање дека е мотивирано, пред се од тоа што опозицијата е исклучена во текот на овие две години со разни манипулации од сите информации за текот на приемот во ОН а исто така и за поширокото меѓународно признавање, а да не зборуваме за средствата за информирање, кои што се режиски, зошто во Македонија не постои опозиционен печат каде што опозицијата би можела после седницата детално да ги елаборира своите ставови, туку знаеме што ќе се случи после седницата. Повторно ќе се продолжи со водењето на надворешната политика на стариот начин, а пред јавноста ќе се настапува во името, исто така, и на опозицијата која што секогаш тука ќе служи како украс и пред јавноста ќе се настојува, чекорите кои што ќе се повлекуваат во надворешната политика да се правдаат со тоа дека и опозицијата била информирана и била присутна на седницата на Парламентот. Таква одговорност, јас како пратеник не можам да прифатам, а исто така и вакви игри и манипулации.

Исто така, денеска ни беше понудено од страна на премиерот да бидеме информирани и тоа детално, суптилно и што се не слушнавме, а ние пак како пратеници упорно настојуваме да бидеме информирани. Факт е дека опозицијата долго време бараше информација од ресорниот министер. Слушнавме и до координаторот на пратеничката група дека на највака недоличен начин беше одбиено, тоа го стори Парламентарната комисија за надворешни работи која што писмено се обрати до министерот, досега не доби било какви информации. Тоа зборува за однос, за еден манипулативен однос и сл., во еден

тесен круг да се решава за стратешките прашања на Република Македонија. Да не зборуваме тука за бројните замени на тези што беа направени од страна на членови на Владата и од претставници на парламентарната опозиција, кои што барањето на ВМРО ДПМНЕ, на одредени пратеници, со ваквите чекори за признавањето, поточно отсуството на пошироко меѓународно признавање да биде запознаена и пошироката јавност, го заменија со тезата, дека тие пратеници се залагаат за јавна дипломатија, што е мислам повеќе од смешно. Истовремено барањето јавноста да биде известена, јавноста да биде таа која што ќе оценува за резултатите за надворешната политика заедно со Македонскиот Парламент, беше заменета со тезата дека тука имаме некои барања народот да ја води надворешната политика. Ова навистина нема потреба да се коментира.

Понатаму, беше исто така манипулираност со некои измислени аргументи дека не треба седницата да бидеа јавна затоа што нашиот надворешен непријател ќе дознае што сака Република Македонија да направи за поширокото меѓународно признавање и тоа ќе го спречи. Знаеме дека тоталитарните режими се одржуваат со помош на долги години и создавање на надворешни и на внатрешни непријатели, со тезата хани - валанте - портас. Имено, вината за политичките неуспеси се префрла или на надворешните непријатели, или на внатрешните непријатели,а во случајов тоа е опозицијата, се разбира. Најнакрај смета дека всушност се работи затоа што некој сака да се заштити од одговорност и затоа се цитира на тајна седница. Имено, тоа не можеме да го дозволиме, бидејќи се работи за прашања што се од национален интерес. Оттаму сметам дека седницата треба да биде јавна.

VII/3.-

Исто така, не се согласувам со претседателот на Парламентот дека од Владата имаме материјал со назнака строго доверливо и сега ние треба да оцениме за степенот на доверливоста на тој материјал. Морам да кажам пред јавноста дека таков материјал воопшто не е доставен до пратениците. Седницата започна со задоцнуваше. Воопшто не е доставен и нема никаква ознака на строго доверливо, па ние како пратеници сами да оцениме дали податоците во таа Информација, навистина се строго доверливи и треба зад затворени врати да се расправа.

И уште една забелешка дека демократските држави се устроени држави и фактички ние така треба да се однесуваме. Исто тоа е замена на теза, устроени држави се и тоталитарните држави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент. Да се разбереме, како прво сакам да подвлечам дека треба да се следат сите настани дека материјалот е доверлив и ќе биде ставен на располагање, тоа го кажа претседателот на Владата на почетокот и сите треба добро да чуеме. Според тоа, таков материјал не може да биде поделен додека не се одлучи дека има одлука за затворена седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи два часа расправаме за јавноста а не за Собранието, сакам и јас да го кажам своето мислење. Бидејќи овде очигледно се заменуваат тезите. Никој не зборува овде дека Македонката јавност треба да биде исклучена од она што се случува во Парламентот. Практично, тоа не е возможно, да се исклучи. Ние и натаму ќе бидеме за вас предавници, бидејќи ќе говориме за прашања што вас не ви се свиѓаат, и утре и на конференција за печат, никаква тајност тука нема. Според тоа, има прашања кои што имаат, навистина,

суптилен, државен и национален интерес. Македонската телевизија и радиото, не ги слуша само Македонија и македонската јавност. Јас сакам да слушна, да ми посочите, барем една земја, демократска земја во светот која што надворешната политика ја утврдува јавно. Молам само една земја наведете, демократска, било на запад, било на исток. Дали постои земја која што својата надворешна политика, сериозна земја која што директно ги пренесува на телевизија или на радио. Таква земја нема. Ако има, ве молам посочете ја па да видиме, да се угледаме и на тој пример. Според,тоа не станува збор воопшто, дека ние за нашите прашања, за нашите интереси сакаме да криеме од македонската јавност. Или овде што имаше тези од типот нема што да се крие, бидејќи се се знае. Ексклузивитет едноставно не е возможен овде, и нешто што би можело, па на тој начин сега се брифира јавноста, на жалост, за што во суштина ќе се расправа овде. Па се говори, бидејќи некој ќе гласа да го промени името на Републиката, а не сака јавноста да види кои се тие што ќе гласаат да го променат името на Републиката. Измислени тези, кои практично не постојат. Вие барате, во својот предлог, господа да се расправа на седница на Собранието и кажувате какви информации сакате и од кого да добиете. И на крај, во вашето барање стои овде, од средства- та за јавно информирање, се вели постојано се присутни информации такви и такви и дека некој сака да го промени името на земјата. Ниту јас а и вие знаете дека е тоа невозможно и на кој начин се врши тоа. Според тоа, ве молам, немојте за прашања за кои можеме наједноставно да се договориме во овој Парламент да ги издигнуваме на ниво на шпекулации и да се прави најобична манипулација со јавноста. Станува збор за прашања за кои ние како пратеници, ние овде во Уставот напишавме која е функцијата на пратеникот, тој не е делегат само во изборната единица, за многу прашања самостојно одлучува

VII/5.-

во рамките на надлежноста на органите на државата, на Владата и на претседателот на Републиката кои што се надлежни со Уставот да ја водат надворешната политика, да добиеме информации кои се прашањата, кои сеуште не се довршени, и ако треба на Претседателот на Републиката, на Владата, на министерот за надворешни работи од Парламентот додатни информации, додатна согласност за онаа стратегија што ние како Парламент ја утврдивме. Според тоа, не станува збор за никаква манипулација, криење, едноставно уште веднаш по завршувањето на седница на Парламентот, целата македонска јавност знае кој што рекол во овој Парламент.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Имам само три забелешки. Почнавме убаво, а завршуваме некако со партии, напади. Тоа не ви чини. Тоа апсолутно не е ни парламентарно, не е ни човечки. Ако грешиме, грешиме сите. Но ако ја одобруваме грешката на поединци и се нафрлува врз некоја партија тоа се зборови, ми се чини, на двајца досега.

**РЕАКЦИЈА ОД МЕСТО:**

Кои се тие?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Тие си занаат кои се. Тие ме напаѓаат мене и мојата партија, како таков,како Митко и како член на ВМРО-ДПМНЕ. Јас таквите луѓе ги сметам многу ниски. Толку за тоа, зошто ни ја навредија партијата и мене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте за тоа што е на дневен ред.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ако беше друга партија и го дадеа со тој предлог, фала на бога, тие

никогаш нема да дадат, затоа што работите им се познати. Ако беше друга партија работата ќе се одвиваше господа, господа и госпоѓици малку по друг фазон. Меѓутоа,никој да не се лути на тоа. Коалицијата достојно си ги брани своите тези и потреби. Тоа е многу важно. Важно за салата. За ова место. А, тоа не важи за надвор, затоа што јавноста требаше да дознае, да дознае што работи Парламентот денеска. Криејќи од јавноста денеска, се криеме како глувчиња. Налбати не прават зграда, куќа. Мајстори прават куќа. Јас сум кажал многу метафори. Сега ми дојде на паметот. Меѓутоа, како што гледам ние полека - полека преминуваме на налбати. И целата работа сакаме да ја сокриеме под налдбатштината. Не е така. И не може да биде тоа точно. Не може да биде тоа точно, затоа што, верувајте, и најголемата тајна ние пак, ВМРО нема да ја дознаеме. Еден од почитуваните пратеници кажа дека архивите треба да се отворат после 30 или 50 години. Тоа е точно. После 50 години се откриваат тајните убиства, тајните договори, тајните факти. Такви архиви, г-дине сега отвораме. Не е чудно и оваа тајна, најтајна, потајна, господата ќе ја сокријат. Бидете уверени и убедени во тоа. Сега,сите не можам, јас стојам добро со сите, и со вас, но меѓутоа не ги знаете сите работи, многу од вас и тајната, најтајна ќе се сокрие. Ние не барабме ништо друго туку јас уште на почетокот кога излегов реков, дајте, патот по кој што одете затоа што многу од тие работи знаеме ние, конференции, приеми, министри, потсекретари итн. И горе - доле никој од нас не е будала ни нашите народи и луѓето кои живеат тука се будали, да не знаат што се одигрува надвор и кој не не признава, но ние сме достоинствени дека сме македонци и ние не бараме од светот да не признаат дека сме македонци и дека тоа е Македонија. Таа пистои и ќе постои. како таква.

Жал ми е дека се доведуваме и сами во една дилема, сами да не си веруваме, дали сум јас Митко, Киро, Петко, Ристо,Трајко. Мајката! значи самите се доведуваме и сакаме да им веруваме во една лага,ако се повторува сто пати. Ајде да ги оставиме тие работи. Од кого ќе сокриеш? Еден родител, една фамилија ако држи тајна, тоа не е семејство. Ако криеш од децата, од жената, значи ти не си домаќин. Истото е така и тука. Ако криеш, значи работиш нешто против семејството. (во салата има смеење и дофрлувања на што продолжува говорникот) а не е така, вие директорите малку знаете и да лажите, малку да криете, а тоа не е точно.

Јас сакам да кажам уште една работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам чекајте,има еден ред.,

**МИТКО АНАСТАОВСКИ :**

Чекај бре претседателе, овде остави луѓе да не вреѓаат, да не напаѓаат, да не псујат дури, ние си ќутиме. Дај малку сега, јас како постар човек да ја кажам, таа, вистината за нас. Вистината е само Македонија. А вистината е нашиот народ и сите луѓе што се поштени во оваа земја. Се сруго е лага. И една друга вистина постои- раѓањето и смртта.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Чинам дека поинаков тек ќе имаше седницава ако почневме од основното што е во функција за признавањето на Република Македонија во ОН. Основното е меморандумот кој што циркулира меѓу членките на ОН и Советот за безбедност. Многу малку пратеници го спомнаа меморандумот, а по тој меморандум мислам дека постои една друга вистина дека можеме да постигнеме консензус на сите парламентарни

групи и на сите пратеници. Ако не е така, тогаш сметам дека седницата треба да биде и јавна и да дискутираме по текстот на Меморандумот кој што струи, веќе циркулира во ОН, а и народот и ние сме нај заинтересирани за тој прием на нашата држава. Консензус немаме по прашањето, очигледно на тоа дали Информацијата што ја подготви Владата, тука да ја затвориме седницата, да гласаме според Уставот, дали да биде седницата затворена. Тука се слушнаа и различни мислења од исти парламентарни групи. Според тоа, мислам дека треба да се оди на гласање, и покрај тоа што има отсутни пратеници кои што во текот на заседавањето ја напуштија салава, да се даде пауза, можеби ќе треба парламентарните групи уште еднаш да се преслушаат меѓу себе и да поразговараат.

И на крајот предавањето што тука госпоѓицата Димовска го одржа, ќе беше покомплетно ако се извинеше како професор - марксист по Марксизам долги години на своите ученици и студенти, затоа што долги години погрешно ги учела.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас немав намера да држам предавање тука и основни појмови да им објаснувам на пратениците што значи тоа манипулација, замена на тези и така натаму тоа беше практика на комунистичката партија на која и припаѓа г-динот и мислам стана начин на живот, така што нештата ги сфатија како нормални и како секојдневие. Јас имам толку смелост да се изземам на сите на кои им држел вежби по марксизам, а исто така би го замолила и господинот да се извини што припаѓаше на една партија, која што создаде тоталитарен режим во Македонија. Исто така старото искуство го пренесува на Македонија која што воспостави повеќапартиски систем. Сакам да кажам и тоа дека откако се воспостави повеќепартискиот систем, јас не ја одбрав вашата партија, бидејќи многу добро ја запознав и нејзините методи на загушување на слободите и правата на личноста, на манипулации со личности и воспоставување на едно општество на апсолутна контрола.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ете како почнуваат меѓусебните напади и во што се изродуваат. Да се концентрираме само на она што е сега за одлучување.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ова можеше да се очекува што се случува денеска, на мнозина може им беше јасно дека вака можеби ќе почне расправата за ова, иако не мислев јас дека баш со строго доверливиот карактер ќе почне. Наместо за другиот дел да одлучуваме. Меѓутоа, што мислам во врска со ова прашање.

Прво, прифатен е овој предлог да се расправа за досегашните активности, за меѓународно признавање на РМ. Значи, точката е прифатена да биде на дневен ред, бидејќи претходно е утврден. Тоа е едниот факт што го имаме досега.

VIII/2

Второ, Владата поднесува извештај со строго доверлива содржина, според нејзината проценка и бара затворена седница. Извештај што ние претходно не сме го прочитале како пратеници и можеме лично да процениме дали претходно гласаме бланко за затворена седница или не. Но, Владата бездруго има право, по Уставот има и должност и по другите закони да проценува дали нешто може да оди веднаш на отворена седница или не и да се согласи со тоа и да не се согласи, особено со нејзин материјал.

Трето, Парламентот одлучува со 2/3 гласови дали седницата да биде отворена или не. Владата одлучува да го повлече или не материјалот, ако Парламентот одлучи седницата да биде отворена односно не се обезбедат 2/3 гласови за да биде почитувано барањето нас Владата тој материјал да остане на затворена седница. Сега што с случува во таа ситуација, кој се можните излези од таа ситуација, мислам дека не се толку сложени колку што ги правиме ние. Секој од различни причини. Ако Владата не го повлекува, не го симнува доверливиот карактер на Информацијата, кој се консеквенциите и можностите од тоа. Прво, тоа го слушам овде да не се одржи седница. Сега прашањето е може ли да не се одржи седница ако дневен ред усвоивме со точка на дневниот ред да се расправа аз активностите досегашни во врска со меѓународната политика. Мислам дека не, ако веќе усвоивме точка на дневен ред, а претходно пред усвојувањето на таа точка тоа прашање можеби не беше расчистено за сите нас. Што можеме? Да изостанат суптилните од доверлив карактер податоци кој што се во извештајот и без нив да оди информацијата, за тоа се разбира, треба да се согласи Владата, таа сепак пак одлучува во врска со тоа. Сега може ли да се бара, пак трето ако барате не се согласи со тоа, може ли да се бара од

друг подготовка на материјал, отчет извештај за досегашниот тек на активностите, ако веќе се утврдува точка на дневен ред. Мислам дека не може, заради тоа што Владата и претседателот на Републиката с тие кој што треба да кажат, ако веќе е договорено да се каже и ако се согласи да се каже за тоа што е досега направено во врска со меѓународното признавање на РМ, затоа што тие се должни, Владата е должна и претседателот на Републиката и верувам дека тие од тоа не одбегнуваат да го известат и Парламентот, и Парламентот има апсолутно право да го бара тоа и јавноста исто така има право да го знае досегашниот тек на активностите, ако тоа сето што се случува досега е недоволно. Понатаму, може ли Владата да каже дека друг извештај не подготвува, освен овој доверлив и дека само таков извештај и ја презентира целата нејзина активност, само во таков извештај може да најде доволно аргументи да се спротивстави на опозиционите мислења и да јас убеди јавноста дека постапувала правилно. Се разбира дека може Владата на тоа да опстои, ако мнозинството пратеници излагаа сека и се прифаќа таа да инсистира само на тој материјал и да не поднесува никаков друг вид на информација пред Парламентот и пред македонската јавност. Сега после тоа што се случува? Опозицијата нема да се согласи со тоа и тоа е сосема извесно и без оваа досегашна расправа. Тоа значи дека ќе и биде оневозможено иницијативата за отворена раcправаа за досегашната активност на актерите во надворешната политика. Што ќе направи после тоа и што може да направи. Може после тоа да одржи седница, односно конференција за печат и да каже дека нејзината иницијатива не исе прифатила од тие и тие причини и да ја нападне Владата и претседателот на Републиката дека сокриваат факти пред јавноста и не сакаат да го известуваат Парламентот. Но, опозицијата што и останува после тоа. И останува да објаснува се разбира, зошто сепак инсистирала само на строго доверлив карактер на  материјалот целосно

да го добие, инсистирала на отворена седница целосно, а не евентуално и друга варијанта, да се исклучат оние моменти кои не се за пред јавност и да се излезе со нешто друго, со некој друг вид информација, што не се коси со Уставот и законите односно што не повлекува одговорност за тие пак што кажале нешто што не требале да кажат, односно ако кажат ги оштетуваат интересите на РМ. Мислам дека на овој начин да ги приведиме работите во врска со оваа седница, бидејќи не се толку комплицирани колку ние ги правиме а се разбира, секој има своја лична мотивација и морална и партиска и мотивација на парламентарна група да ги објаснува своите работи од свој личен аспект, групен, парламентарен итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа ние го објаснивме. Или ќе го измени режимот на доверливост Владата, па да се одржи седницата, или ќе се остане на режимот, па да се усвои затворена седница, па ќе имаме седница, или останува на режимот да не се усвојува затворена седница, нема седница, затоа што немаме друга точка на оваа седница.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Со цел да не остане нешто да виси во воздух, а и уште еднаш да се обидеме да помогнеме во оваа ситуација. Јас можам лично да признаам дека можеби сум бил или јас или целата Владата или поголемиот дел од Владата во заблуда, кога тргнавме од тоа да оцениме што е тоа што треба да понудиме за оваа седница на Собранието, односно врз основа на иницијативата на една парламентарна група, а тоа е информација за активностите околу приемот на РМ во ООН.

Признавам дека можеби сум бил во заблуда, бидејќи од дискусиите на неколку пратеници овдека, всушност, можеше да се стекне дојам дека всушност не била целта сама аз себе информација' да се добие, туку била целта одговорност за она што е направено или не е направено досега, па врз основа на тоа сега Владата предлага затворена седница за да не се види кој е одговорен и какви консеквенции треба да поднесе. Ако е тоа иницијативата, ако е тоа мотивацијата за свикување на седница на Парламентот, тогаш апсолутно нема потреба Владата да инсистира на затворена седница на Парламентот, ако некои има намера да го покрене прашањето. За одговорност на министерот тоа оди по принцип на интерпелација, за Владата иницијатива аз гласање на доверба на Владата, меѓутоа не очекувајте ние да понудиме информација за вашата иницијатива за одговорност на Владата, на министерот, на претседателот на Републиката итн. Ако е тоа целта, тогаш подгответе информација, нека се свика седница и апсолутно тука нема дилеми дека треба да биде отворена седницата и ние би инсистирале да биде отворена седница. Ние тргнавме со една друга идеа. Бидејќи постојано се ставаат забелешки дека не сите на најцелосен начин сме информирани за сето она што се случува, за сите контакти што е кажано, што не е кажано итн. и дека е добро тоа да се направи, тоа од причина што мислам говореше и г-ѓата Димитрова дека е добро сите вклучувајќи ја и опозицијата да бидат целосно информирани, тргнавме со амбиција токму така еден материјал да понудиме сметајќи дека тоа е нешто ќе биде прифатено. Сега се поставува прашањето и околу тоа се шпекулира што ќе се случи ако помине, ако не помине итн. Во ред. Ако ова Собрание не донесе одлука, односно нема доволен број на гласови за да биде затворена седницата, има утврден дневен ред за таа седница, ние тој материјал за кој што мислиме дека сепак не е за отворена седница ќе го повлечеме можеме да понудиме било усмена информација, било скратена информација и така натаму никој нема

намера да ја оспорува и на тој начин да прави опструкција на Собранието дали треба или не треба да држи седница. Ќе понудиме некоја информација, нема да биде во тој обем со која амбиција ние тргнавме да презентираме овдека, сметајќи дека многу работи се случуваат, дека е многу битна целата оваа работа и дека треба што е можно повеќе луѓе, повеќе сознанија да имаат пред се затоа што се и членови на највисоко законодавно тело. Така д не треба да правиме преголема драма, мислам дека беше целата оваа дискусија и досега и претерана и можеби не во таа мера, сите водевме сметка можеби за се што ќе биде изречено, се тргнуваше од тезите, вие сакате затворена седница од тие и тие причини, потоа ќе се случи, па на ќе се случи. Еве, тоа е вистината. Ако сакате отворена седница, поинаков материјал ќе биде презентиран, можеби е наша грешката што сметавме дека треба преамбициозно во тоа да влеземе, што е можно повеќе да понудиме. Ваше е да одлучите, ние проценивме на седницата на Владата дека таа информација која што ја гледавме од таков карактер бара тоа да биде од затворена седница. Ваше е да одлучите 2/3 гласање има тука, ако има потреба нека се консултираат парламентарните групи, ако се однесува аз одговорноста, за водењето на надворешната политика, бидејќи неколку дискутанти тоа го рекоа, апсолутно треба да биде отворена седницата. Тогаш ако е за министер интерпелација, за Влада иницијатива за гласање на доверба на Владата, за претседател си има постапка, информација дава тој што ја покренува иницијативата.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас не станувам во врска со излагањето на г-динот Црвенковски станувам во врска со кусиот во две реченици коментар на претседателот на Собранието, кој што низ две реченици ни ја протолкува набрзина

низ две реченици дискусијата. Ако тоа го прави понатаму, јас после секое негово такво набрзина протолкување на дискусијата ќе барам реплика директно со него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас секогаш ќе му дадам збор се разбира, а јас морам да знам што се предлага за да можам да го изнесам овде. Секогаш ќе има право да реплицира.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само почувствував дека можна е некоја разврска, што можеби мене не би ми се допаднала, очекувајќи ја една конструктивна расправа по оваа информација што беше предложена и утврдена во дневниот ред и затоа сакам со внимание да бидам сослушан пред евентуално од можноста што би се случила во таква неповолна разврска за мене. Мислам треба да се тргне од самиот факт дека ние за дневниот ред всушност ова Собрание формулира точка на дневен ред, информација за активностите околу приемот на РМ итн. Јас кога одлучуваше Собранието по оваа точка по дневен ред пред се ми се чини дека пратениците го имаат писмениот предлог на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за кој јас ќе ве потсетам дека во себе имплицира дека ВМРО-ДПМНЕ бара информација за досегашните и идните активности околу приемот на РМ во ООН, тоа е првата суштина значи за досегашните и идните активности и втората суштина е дека бара усмено да биде поднесена, или од претседателот на републиката, или од претседателот на Владата или од министерот за односи со странство.

Владата респектирајќи го ваквиот предлог, а исто така и пратениците, со оглед дека и од опозицијата и другите пратеници, затоа што еднодушно беше прифатен предлогот на дневниот ред го имаат тоа

предвид и на таков начин прифатија кога ја формулираа точката на дневен ред прифаќајќи ја како информација за активностите околу приемот на РМ во ООН. Што тоа значи? Тоа значи имплицира дека треба да се води квалитетна и суштинска расправа со претходно добиени квалитетни и суштински информации. Јас не би сакал да бидам учесник во расправата во која би се свела околу ова прашање расправа на ниво на кое барам на еден поширок аудиториум во јавноста го доживува и што директно деновиве непосредно пред оваа седница овие два три дена и мене директно како пратеник ми беше упатено често што вие всушност ќе правите на оваа седница, дека повторно ќе расправате некоја расправа која нема да има многу врска со суштината на проблемот. Јас тоа иако интимно го чувствувам за многу расправи што се водат во овој Парламент, и не се согласувам, но мора да ја прифатам и колективната идентификација што овој парламент ни ја наметна и нам на поединци, како поединци на сите во овој парламент и тоа е судбината што ја доживуваме секојдневно и во јавноста . Прифаќам само расправа која претходно ќе биде поткрепена со информации квалитетни и со содржински кои во суштина ќе ја водат до она што сакаме до целта што сакаме да ја постигнеме од таа расправа. заедничката цел што треба да биде постигната од овој Парламент за приемот на РМ во ООН. Од таму, пледирам до пратениците и пратеничките групи при тоа почитувајќи дел и респектирајќи дел искажувања и од опозицијата оваа расправа да се води со квалитетни информации што ќе ни бидат пружени од Владата, овој Парламент согласно уставните можности да одлучи за таков предлог каков се предлага од Владата на РМ, со можност доколку во самата расправа се наметнат одредени решенија што треба да ги носи овој Парламент, овој Парламент да го зачува правото повторно да ја отвори седницата за јавност, во услови кога ќе оцени дека евентуално од самата расправа ќе треба да се наметнуваат решенија за кои треба да се

изјаснуваат пратениците, односно Парламентот. ВО таа смисла пледирам ваквото решение ќе биде конструктивно да можеме да излеземе од оваа ситуација, а ќе биде целисходно и за расправата која ќе ја водиме во овој Парламент.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Морам да подвлечам дека нашиот претседател господин Андов покажува висок степен на разбирање на толеранција и почитување на демократијата, но му завидувам што сепак како мое убедување не става во нерамноправна положба водејќи претерано сметка и давајќи им предност секогаш на опозицијата. Чинам дека тоа засега во две насоки се репетира и чини премногу време, чинам и доста нерви.

Втора работа, мислам дека опозицијата е должна појасно и гласно да се определи останува ли на барањето првобитно Владата на РМ да достави информација, го менува ли тој став или сака тоа да го надополни.

IX/1 нн/см

**ЕШТРЕФ АЛИУ**: (Продолжение).

Па да бара и друго, а тоа друго и нивниот став т.е. дефиле пред јавноста, или сака и тоа и тоа, а можно е и тоа и тоа, но треба јасно да каже зошто е. Каде стои, на првото барање, првата позиција, или поминува на втората, или сака еден гениш, и тоа и тоа. Тоа е сосема едно трето, ниту првото, ниту второто, туку што? По се изгледа се наѕира целта, а не е мое тоа да го кажам, меѓутоа треба отворено да се настапи тука. Можеби јас и во третото ќе ги поддржам како што ги поддржав отво

рено за првото.

По се изгледа дека од сето тоа врз основа на тоа што се чуло, кажало, се зборувало, пишувал некој со иницијали во весниците, или кажал на радио, некој дописник и сега што сето од тоа? Врз основа на тоа и претпоставките, сака без друго, без расправа да се остави впечаток дека оваа гарнитура што званично ја води политиката на Република Македонија води сосема погрешна политика, дури и штетна за народот на Република Македонија, а тие што знаат да ја водат таа правилна политика во интерес на Републиката се наоѓаат некаде во еден политички субјект, за жал или за среќа еве ги нема во таа структура. Работите барам да ги дообјасниме тука и да се определиме зошто сме.

Јас мислам една дегресија. Чинам дека односот на архитектот и мајсторот ѕидар да не осеќа потреба за проектот на куќата и на ѕидањето да го консултира продавачот на зеленчук би бил сосема коректен. Коментар на сето тоа - сонувал продавачот на зеленчук дека му се прави преголема неправда од архитектот и ѕидарот.

IX/2

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ценам дека после излагањето на претседателот на Владата, господинот Црвенковски работите се разјаснуваат. Да повторам, во нашата иницијатива никаде не стои дека се бара нечија одговорност. Мислам дека тоа е сосема јасно и ние го утврдивме дневниот ред во единствена точка и никаде не спомнуваме одговорност. Зборуваме за активности до сега и во иднина, се во врска со признавањето на Републиката4. Мислам дека тоа е неспорно.

Изумив да кажам дека ние остануваме на нашето залагање дека расправата треба да биде јавна и отворена седница и од тоа нема отстапување.

Излегов и да прашам уште нешто. Во излагањето на претседателот, господинот Црвенковски чувствуваме едно свртуваше кон јавноста во смисла дека е тоа едно извинување за ова малтретирање на граѓаните од два саата токму за ова дали отворена или затворена седница. Мене ме радува што тој во своето излагање веќе сваќа дека треба да има еден друг однос кон пратениците во овој Парламент.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас почувствував потреба да после излагањето на господинот Томислав Стефковски треба да го кажам следното.

Прифаќајќи го дневниот ред на начин на кој го при- фативме ние, информација, мислев дека ќе расправаме навистина за суштински работи со квалификувани аргументи. Ако и понатаму ВМРО-ДПМНЕ цврсто стои на ставот дека оваа седница треба да биде отворена, а притоа имплицирајќи ги решенијата што ги понуди претседателот на Владата да биде евентуално со усна информација, или со скратена, или

некоја осиромашена информација тогаш јас мислам дека треба повторно да се изјасниме по дневниот ред од проста причина...

(Реагирање на пратениците).

Од проста причина што барем јас сакам да го кажам своето сопствено мислење, а во таква расправа беспредметна јас не би сакал да учествувам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас незнам зошто се прават опструкции од поедини пратеници, меѓутоа дневниот ред што го усвоивме, сите овде гласавме едногласно и е многу јасен и на чисто литературен македонски јазик гласи "Информација за активностите околу приемот на Република Македонија во организацијата на Обединетите нации". После изгласувањето на дневниот ред претседателот на Владата излезе во овој Парламент и кажа дека бара седницата да биде од затворен тип. Меѓутоа, ценејќи го неговото второ излагање јас уште еднаш ќе повторам.

Владата ако е спремна да даде информација, Владата ќе оцени информациите што ќе ни ги даде за отворена седница, колку некои елементи ќе внесе или нема да внесе, тоа е нејзина работа и врз основа на тој материјал што ќе ни го понуди, дали усмено или писмено, дали претседателот на Републиката, дали министерот или премиерот ќе го изнесат тоа ние ќе расправаме околу точката точно утврдена и дефинирана на дневниот ред за оваа седница.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Господа пратеници, јас мислам лично повеќе би бил задоволен ако чујам информација во која ќе чујам нешто што не го знам, отколку да чујам информација што се слуша секој ден преку јавните средства за информирање. Таа информација за мене ќе биде беспредметна и по таква информација што ќе расправаме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Заради писменоста на пратениците и заради писменоста на предлозите за оваа седница.

Јас колку што сум писмен во предлогот од ВМРО-ДПМНЕ пишува дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со оглед на тежината на прашањето бара итно свикување на седница, а дека пошироко образложение за итноста ќе биде поднесено на самата седница. Ве молам, доколку вие бевте сериозни и сметавте дека треба да се држите до овој терк не само од формално - правна причина, туку од причина да не убедите за дневниот ред јас кога дојдов на оваа седница и предлогот што беше во сценариото да гласаме за дневниот ред пред мене имплицираше дека е постигната некоја согласност, со оглед дека има информација и дека не треба итно да се образложува затоа што сите пратенички групи се согласуваат да расправаат за оваа проблематика, но на сериозен и конструктивен начин. Мислев дека тоа е постигнато, но испаѓа дека ние не сакаме таква расправа да чуеме, темелна информација од Владата, која, сега јас да излезам малку од темата господине претседателе, да бидам појасен во ова што го зборувам, јас да ви кажам.

Јас ништо не се чувствувам повеќе информиран од пратениците на опозицијата. Дури во разговорите сум многу помалку информиран Еве прилика да се информираме за овие високо национални интереси на Републиката сите како пратеници и пошироко. Затоа јас кажувам уште една дека одбивам да учествувам во таква импровизирана расправа и седница и не е моето излагање овде од формална или од политичка природа, па да станувам само да опструирам одредени мислења, туку се работи за моја суштинска определба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали завршивме со расправа? (Завршено е).

Ако завршивме со расправа, бидејќи ќе биде потребно да има некои договори со пратеничките групи ќе дадеме пауза, но пред пауза ги молам претставниците на Црвениот крст, а и Собранието го молам да им дозволи на деца да се обратат до Собранието.

**ПРЕТСТАВНИК НА ЦРВЕНИОТ КРСТ:**

Почитувани пратеници, комунисти,

Ве поздравуваме во името на Црвениот крст на Република Македонија. Вие донесовте одлука за издавање на марка "Република Македонија - Цвеќе на мирот". Нашата организација издаде и таа веќе патува низ светот со единствена порака "Цвеќе на мирот". Дојдовме и ние, група подмлатакри да ви подариме по еден филателистички трофеј од ова издание и да ви посакаме плодна работа.

Сторете се почитувани пратеници оваа земја навистина да биде цветна градина во која ќе владее мир, живот достоен на човекот, а хуманоста и солидарноста ќе бидат секојдневна преокупација на граѓаните.

Црвениот крст на Република Македонија како невладина, надпартиска и организација на сите граѓани ве повикува да го поддржите Црвениот крст во напорите за помош на секој човек во неволја. Ви посакуваме успешна работа и ви подаруваме по една колекција марки "Република Македонија - Цвеќе на мирот". Така ја замислуваме и посакуваме нашата држава.

Благодарам.

(Аплауз).

(Младите подмлатари на Црвениот крст на Македонија на пратениците им делат марки).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Им благодарам на нашите млади ентузијасти од Црвен крст.

Со работа ќе продолжиме во 15,30 часот.

(Пауза од 14,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,10 часот) .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Во салата имаме 86 присутни пратеници.

Констатирам дека можеме да продолжиме со работа.

Го завршивме претресот околу предлогот на Владата дали седницата да биде затворена.

Сега го давам предлогот на Владата на гласање.

Кој е за, седницата да биде затворена, молам да крене рака?

(57 пратеници гласаа за)

Според тоа констатирам дека овој предлог на Владата не е усвоен.

Сега настапува една друга ситуација. Владата треба да ни објасни што и како мисли,да ни овозможи натаму да расправаме.

Има збор премиерот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Самиот тек на дискусијата даваше предвидувања како ќе биде и резултатот од гласањето. Овој резултат од гласањето само покажа уште еднаш дека спремност да се одржи таква седница како што Владата предлагаше, тоа е една темечна седница која ќе почива на најцелосна информација, нај широки сознанија за кои од наша страна имаше спремност да ви ги презентираме низ една таква информација, не постои во овој парламент.

Бидејќи Парламентот се определи за јавна седница, во тој случај Владата ќе подготви и ќе му понуди на Парламентот соодветна информација за јавна седница. Според тоа, однапред е јасно дека таа ќе биде редуцирана во однос на она што мислевме да ви го предложиме.

Се поставуваше прашањето, а јас и сега го поставувам, со оглед на тоа дека во неколку наврати имавме такви јавни седници каде некои во името на Владата, пред се министерот за односи со странство презентираше таква работа, па дури и од самите они кои заговараа јавна седница се постави прашањето од целисходноста од таа работа, со оглед на тоа што на сите информации што за време на целиот овој процес се даваа низ јавноста низ конференции за печат, низ изјави итн.

Бидејќи Парламентот така одлучи, со оглед на тоа што сега веќе е при крај работното време за денеска, утре Владата ќе свика седница, ќе подготви информација од редуциран карактер за јавноста Тоа значи дека веќе задутре во 10 часот Парламентот може да одржи ваква седница. Тоа е предлогот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во тој случај ако Владата биде во состојба да ни даде информација за четврток наутро, тогаш ние имаме време во 9 часот да одржиме седница на Комисијата, а Собранието со работа нека почне во 12 часот, за да можеме да ја изведеме целата постапка.

Значи во четврток во 12 часот Парламентот ќе одржи седница, а во 9 часот седница ќе одржи Комисијата.

(Седницата заврши во 16 и 20 часот).